Република Северна Македонија

**Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Energjisë, Minierave dhe Burimeve Minerale**

# Годишен План за Имплементација на Праведната Транзиција 2026

## Северна Македонија

**Влада на Република Северна Македонија**

**Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини**

**декември 2025**


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

Ул. Македонија бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
cabinet@energy.gov.mk

+389 2 3131062
www.energy.gov.mk
www.jetip.mk

# Вовед

Северна Македонија го започна процесот на Праведна транзиција со цел постепено напуштање на јагленот за производство на електрична енергија и трансформација на енергетскиот сектор и регионалните економии. Овој Годишен план за имплементација за 2026 година (ГПИПТ 2026) го пресликува националниот Патоказ за Праведна Транзиција (ППТ) во конкретни активности, обезбедувајќи ниско-јаглеродна и инклузивна транзиција што ги поддржува засегнатите заедници и работници. Инвестициската платформа за праведна енергетска транзиција (Just Energy Transition Investment Platform - JETIP) - лансирана со поддршка на меѓународните партнери како ЕБОР, Светска Банка, Европска Инвестициска Банка,  на COP28 - има за цел да го координира и поддржува процесот и активностите за напуштање на јагленот до 2030 година, инсталирање 1,7 GW обновливи извори во периодот 2024-2030 и инвестиции во мрежи, складирање, но и поддршка на заедниците.

# Контекст

Регионите Пелагонија и Југозападен регион (особено Битола, Новаци, Кичево/Осломеј) историски се потпирале на ископ на јаглен и производство на електрична енергија од јаглен. Јагленот учествува со над 40% во производството на електрична енергија, поради што декарбонизацијата може нерамномерно да влијае врз овие региони. За таа цел, Владата - со поддршка на ЕУ - изработи сеопфатен Патоказ за праведна транзиција со идентификувани потреби и проекти во области како економска диверзификација, чиста енергија, еколошка рехабилитација и социјален развој. Воспоставени се Советот за праведна транзиција и придружните управувачки структури, како што се трите работни групи: за обновливи извори и складирање, за економска транзиција и преквалификација и обуки. Извештајот на Европската комисија за 2025 година го поздрави усвојувањето на ГПИПТ 2025, но укажа на потребата од поголема оперативност и реален механизам за следење[1]. Планот за 2026 година одговара на ова преку конкретни проекти, месечни цели и таргети, буџети и индикатори за следење.

[1] EU progress report, p.17 and p.84

# Планирани активности за 2026 година

ГПИПТ 2026 е заснован на приоритетните области дефинирани во Патоказот за праведна транзиција. Активностите се фокусирани на четири столба:

(1) Чиста енергетска транзиција: Забрзување на проекти во обновливи извори на енергија и унапредување на мрежите во засегнатите региони, како и усогласување на регулативата (на пр. за складишни капацитети, мрежни правила итн.).

(2) Економска транзиција: Привлекување инвестиции и поттикнување нови економски активности преку унапредување на индустриски зони, стимулации и поддршка на претпријатија.

(3) Зелена и паметна инфраструктура: Подобрување на инфраструктурата за вода и управување со отпад, со одржливо користење на земјиштето и ресурсите.

(4) Вештини и развој на човечки капитал: Преквалификација и надградба на вештините на работната сила, програми за практикантство и советување, со цел никој да не биде изоставен.

Овие проекти се вклучени во ГПИПТ за 2026 година бидејќи претставуваат едни од најзначајните и изводливи интервенции во раната фаза на праведната транзиција, со висок трансформативен ефект, подготвеност за реализација и директна усогласеност со приоритетите од Патоказот за праведна транзиција.

Изборот е воден од три клучни критериуми:

1. **Итност и ризик од одложување** - Проектите адресираат системски слабости кои, доколку не се решат навреме, би создале тесни грла и социјални ризици во процесот на напуштање на јагленот. На пример, екстремно високите загуби на вода во Битола (приближно 50-60%) бараат итна интервенција со интегрирани решенија, додека навременото планирање на пренамената на рудниците е предуслов за избегнување на деградација на земјиштето и губење на инвестициски потенцијал.
2. **Подготвеност за имплементација и реформи** - Проектите се избрани затоа што во 2026 година можат да преминат од планирање кон конкретна имплементација: постои институционална носечка структура, достапни се податоци или претходни студии, и постои јасна надлежност за спроведување. Пренамената на рудниците за соларни електрани, на пример, може да отклучи приближно 800 MW капацитет на чиста енергија.
3. **Демонстративен и мултипликативен ефект** - Проектите можат да се реплицираат во други региони и сектори. Тие не се изолирани инвестиции, туку носат структурни промени - од подобрено управување со инфраструктура, преку привлекување нови индустрии, до подготовка и преквалификација на работната сила и зајакнување на системите за социјална сигурност.

Колективно, овие проекти ја поставуваат оперативната основа за праведната транзиција, обезбедувајќи дека затворањето на јагленот не се третира како изолиран енергетски процес, туку како контролирана економска и социјална трансформација. Затоа 2026 година е фокусирана на интервенции кои истовремено носат брзи резултати и создаваат долгорочни предуслови за одржлив развој, во согласност со европските стандарди и националните реформски обврски.

Процесот на праведна транзиција во Северна Македонија се спроведува преку јасно дефинирана управувачка и институционална рамка, која обезбедува координација помеѓу ресорните министерства, јавните институции, локалните самоуправи, меѓународните партнери и засегнатите страни.

### Инвестициска платформа за праведна транзиција

Инвестициската платформа за праведна енергетска транзиција претставува централна рамка за:

- координација на јавните и приватните инвестиции,
- усогласување на техничката помош и донаторската поддршка,
- развој и следење на проектна листа со приоритетни проекти.

Платформата овозможува редовна координација со Европската банка за обнова и развој, Светската банка, IFC, CIF, KfW, AFD и други партнери, со цел подготовка и имплементација на проекти кои ги исполнуваат стандардите на меѓународните финансиски институции.

### Совет за праведна транзиција

Советот за праведна транзиција е воспоставен како стратешко меѓу-ресорно тело кое обезбедува:

- политичка одлука и надзор на процесот,
- усогласување на секторските политики,
- следење на напредокот во спроведувањето на ППТ и ГПИПТ.

### Работни групи

Во рамки на процесот се воспоставени тематски работни групи за:

- обновливи извори и складишни капацитети,
- економска транзиција,
- преквалификација и обуки.

Работните групи имаат оперативна улога во идентификација на бариери, подготовка на проекти и активности и предлагање мерки за имплементација.

# СТРУКТУРА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА 2026

Годишниот план за имплементација за 2026 година е структуриран по столбови и приоритети, при што за секоја активност се дефинирани:

- јасни цели и очекувани резултати,
- носители и партнери за имплементација,
- временска рамка,
- индикатори за следење и известување,
- потенцијални ризици и мерки за ублажување.

Планот служи како оперативна алатка за координирано дејствување на сите релевантни институции и партнери, со цел обезбедување конкретни резултати на терен во 2026 година.

## Преглед на приоритетите за 2026 година

**Зелена енергетска транзиција:** Забрзување на обновливи проекти и унапредување на мрежите во поранешните јагленски региони, како и ажурирање на регулативата (на пр. за складирање и соларни дозволи).

**Економска транзиција:** Привлекување инвестиции и поттикнување нови економски активности преку унапредување на индустриски зони, стимулации и поддршка на претпријатија.

**Зелена и паметна инфраструктура:** Подобрување на инфраструктурата за вода и управување со отпад, со одржливо користење на земјиштето и ресурсите.

**Вештини и развој на човечки капитал:** Преквалификација и надградба на вештините на работната сила, програми за практикантство и советување, за никој да не биде изоставен.

Активностите се избрани поради високото влијание и подготвеноста, во согласност со препораките за напуштање на „бизнис-како-досега“ пристапот и усогласување со европските добри практики. Секоја активност придонесува кон ублажување на социо-економските последици од напуштањето на јагленот - преку нови индустрии, инфраструктурни подобрувања, преквалификација и зајакнување на социјалната сигурност.

# Приоритети за 2026: план за имплементација

## Столб 1: Зелена енергетска транзиција

**Забрзување на проектите за обновливи извори и складирање на енергија и унапредување на регулаторната рамка.**

Проектите во рамки на овој столб придонесуваат кон трансформација на енергетскиот систем и пазарните правила, со цел овозможување нови зелени инвестиции:

- **P2.1.4.2 - Студии за изводливост за преобразба на постојните термоелектрани на јаглен:** Изработка на студии за изводливост и преобразба на постојните термоелектрани на јаглен, со цел подготовка на техничка и економска студија за трансформација на РЕК-овите со јасни сценарија за работни места, трошоци, сигурност на снабдување и опции за финансирање.
- **P3.1.2.3 - Анализа на енергетскиот сектор и процена на складишните капацитети:** Процена на изводливоста на пумпно-реверзибилните хидроелектрани, електро-хемиските батерии, топлинското складирање и зелениот водород. Со цел да се утврди улогата и најисплатливите опции за складирање, потребни пазарни стимулации и препораки за следни инвестиции, како подобрување на управувањето со мрежата преку современи SCADA и BESS системи.
- **P3.2.1.2 - Сончеви електрани на рудниците за јаглен:** Олеснување на развојот на големи соларни електрани на земјиште покрај рудниците (на пр. Осломеј, Битола), вклучително и изработка на техничка документација и покренување постапки за јавна набавка за изградба на нови соларни централи во овие области.
- **P3.1.2.2 - Подзаконски акти за складирање на енергија и учество на пазарот:** Развој и усвојување на подзаконска регулатива (правилници) со која ќе се овозможи системите за складирање на енергија да учествуваат на пазарот на електрична енергија и во обезбедувањето мрежни услуги, со посебен фокус на стимулирање на инсталирање складишни капацитети во регионите засегнати од јаглен.
- **P3.2.1.1 - Поедноставени постапки за дозволи за фотоволтаични инсталации:** Поедноставување и забрзување на процедурите за издавање дозволи за соларни фотоволтаични инсталации преку измени на релевантната законска регулатива (Законот за градење и Законот за обновливи извори на енергија) и воспоставување „едношалтерски" систем, со што ќе се скратат роковите за реализација на проектите.
- **P3.2.1.4 - Надградби во преносната и дистрибутивната мрежа:** Зајакнување и модернизација на електроенергетската мрежна инфраструктура во регионите зависни од јаглен, со фокус на преносната мрежа, со цел овозможување сигурно прифаќање на новите обновливи извори и подобро управување со енергетските текови.
- **P2.1.1.3 – Мапирање на енергетската потрошувачка во јавните објекти и инфраструктури во јаглените региони и поставување конкретни целни вредности.** Една поширока студија којашто ќе ги покрие секторите како што е транспортот може да помогне во групирање на проектите според корисниците, така што да станат попривлечни за финансирање од страна на приватниот сектор. Конечно, со тоа ќе им се помогне на државните власти да подготват

проекти за енергетска ефикасност, вклучувајќи ги и проектите за компании даватели енергетски услуги (КДЕУ).

- **P3.2.2.5 - Подигање на свеста за производител-потрошувач и енергетски заедници:** Спроведување јавни информативни кампањи и работилници за домаќинства, мали и средни претпријатија и локални заедници во двата региони, со цел информирање за можностите за станување „производител-потрошувач“ (само-производители на електрична енергија од сонце) или формирање енергетски задруги, со што ќе се зголеми локалната примена на обновливи извори. Се предвидува со помош на ECM да се спроведе студија на изводливост за енергетска заедница во Општина Новаци чии резултати ќе послужат во промовирањето и споделувањето на потенцијални бенефити од вакви структури.
- **P3.2.1.3 - Приоритетни дозволи за големи соларни проекти во регионите за јаглен:** Воведување преференцијални мерки, согласно новиот Закон за обновливи извори на енергија, за забрзано издавање дозволи и обезбедување пристап до мрежата за големи соларни проекти во регионите засегнати од јаглен, на пример преку резервирање одреден процент од новите капацитети или воведување посебни квоти за овие региони.

# Столб 2: Економска транзиција

**Ревитализација на економиите во двата засегнати региони преку инвестициски стимулации и развој на деловни активности.**
Проектите во рамки на овој столб имаат за цел подобрување на политиките и инфраструктурата за привлекување нови индустрии и инвеститори во засегнатите региони. Клучни проекти се:

- **P1.3.2.1 - Инвестиции во индустриските зони Кичево, Прилеп и Жабени:** Унапредување на инфраструктурата (патишта, комунални услуги и придружни сервиси) во индустриските зони Кичево, Прилеп и Жабени (Битола), со цел привлекување производствени и други бизниси и создавање алтернативни работни места за поранешните работници во јагленската индустрија.
- **P1.1.1.2 - Засилени стимулации за јагленски зависните региони:** Воведување засилени фискални стимулации (даночни олеснувања, грантови или во форма на државна помош) за компании кои инвестираат во регионите зависни од јаглен, во рамки на дозволеното според правилата на ЕУ за државна помош.

# Столб 3: Зелена и паметна инфраструктура

**Унапредување на животната средина и инфраструктурата за одржлив регионален развој.**
Проектите во рамки на овој столб се насочени кон санација на животната средина и надминување на инфраструктурните празнини во регионите во транзиција, со фокус на управување со води и отпад:

- **P2.1.2.3 - Промовирање на озеленување и модернизација на јавните градски и меѓуградски возни паркови:** Поддршка за замена на редовните дизел возила кон возила на алтернативни горива во

јавниот превоз, преку обезбедување техничка помош, подготовка на техничка и тендерска документација и мобилизација на финансиски извори.

- **P2.1.3.4 - Поставување станици за полнење на електрични возила:** Подобрување на EV-инфраструктурата во Пелагонискиот и Југозападниот регион преку планирање, лоцирање и инсталирање на нови јавни станици за полнење. Ова е предуслов за развој на електричниот транспорт, туризмот и декарбонизацијата на сообраќајот.
- **P2.1.3.9 - Кампањи за подигање на јавната свест за спречување на отпад:** Промена на однесувањето на граѓаните и компаниите преку координирани кампањи за спречување на отпад, одделно собирање и биоотпад, во партнерство со јавни институции, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ и граѓани.
- **P2.1.4.2 - Пилот-проекти за интегрирано и холистичко управување со водите:** Пилотирање интегрирано управување со водоснабдувањето во регионите Битола/Прилеп и Кичево, со цел намалување на загубите на вода и подобрување на услугите преку координација на комуналните претпријатија и примена на нови технологии (на пр. телеметрија за детекција на истекувања).
- **P2.1.3.1 - Зајакнување на капацитетите за регионално управување со отпад:** Поддршка за воспоставување и институционално зајакнување на регионални организации за управување со отпад во регионите засегнати од јаглен, вклучително и обуки и договори за меѓуопштинско собирање и рециклирање на отпад.
- **P2.1.3.6 - Физибилити студии за проширување на локалното собирање отпад:** Спроведување физибилити студии во повеќе општини за планирање проширување на опфатот на локалното собирање и рециклирање на отпад, како основа за идни инвестиции во отпадната инфраструктура.

# Столб 4: Развој на вештини и човечки капитал

**Поддршка на работниците и заедниците преку обуки, образование и можности за вработување.** Проектите во рамки на овој столб имаат за цел да ја оспособат работната сила со нови вештини и да обезбедат алтернативни патеки за вработување надвор од јагленската индустрија:

- **P4.1.2.1 - Програма за дообука и преквалификација во ЕСМ:** Продолжување на програмата за дообука и преквалификација на вработените во АД ЕСМ кои се засегнати од затворањето на јагленските капацитети, преку обуки за нови вештини и кариерно советување, усогласени со плановите за транзиција на компанијата.
- **P4.1.1.2 - Надминување на недостатоци во квалификациите на пазарот на труд а особено кај младите** Идентификација на јазовите во вештините во двата јагленски региони и посредување во склучување Регионални договори за вештини помеѓу работодавачи, образовни институции и надлежни органи, со утврдување приоритетни програми за обука и ажурирање на посебните програми и стандардите за стручни квалификации за следната година. Да се даде специфичен фокус на младата популација во региони, особено оние кои се невработени или неактивни по завршување средно образование, со цел преку регионалните договори за вештини со Државните средни училишта регионални центри за стручно образование и обука ( во натамошниот текст РЦСОО) да се таргетираат млади лица (18-29 години) за да ги преквалификуваат / доквалификуваат во сектори/квалификации што се барани.
- **P4.1.1.6 - Веб-платформа за практикантство и едукација:** Развој на онлајн платформа за поврзување на ученици, студенти и баратели на работа од регионите засегнати од јаглен со можности за практикантство и едукација, со што ќе се олесни стекнувањето работно искуство во новите индустрии.

- **P4.3.1.3 – Поддршка на МСП за создавање на работни места поврзани со праведната транзиција:**
  Поддршка на малите и средни претпријатија (МСП) во засегнатите региони да креираат нови „зелени“ работни места или да се преориентираат кон сектори поврзани со праведната транзиција.
- **P4.2.3.1 – Промовирање на учењето преку работа за средношколците:**
  Континуитет и проширување на дуалното образование во РЦСОО - систем каде учениците паралелно со школувањето стекнуваат практично искуство во компании.
- **P4.2.3.2 – Унапредување на кариерната ориентација во училиштата:**
  Зајакнување на системот на кариерно ориентирање и советување во основните и средните училишта во засегнатите региони, за учениците подобро да ги разберат новите можности што ги носи транзицијата и да направат информирани избори за образование и кариера.
- **P4.2.3.3 – Промовирање на часовите по наука, технологија, инженерство и математика (STEM):**
  Зголемување на интересот и учеството на учениците во областите на науката, технологијата, инженерството и математиката (STEM) во засегнатите региони, особено помеѓу девојчињата, со цел долгорочно да се изгради квалификуван кадар за индустриите на иднината.

Секоја од наведените активности е детално опишана во следното поглавје, вклучувајќи ги нејзините цели, временската рамка на активности за 2026 година (разложена по месеци или квартали), очекуваните резултати до крајот на 2026 година, клучните индикатори за перформанси, одговорните институции, партнерите, буџетот, како и идентификуваните ризици со мерки за нивно ублажување. Буџетите за 2026 година се наведени за секој проект поединечно (со потврдени извори на финансирање каде што е применливо, или со напомена „не е применливо“ за политики и регулаторни активности). Вкупно, сите проекти заедно претставуваат проценета потрошувачка од 5,55 милиони евра во 2026 година (со исклучок на поголемите капитални инвестиции планирани за периодот по 2026 година, како и политичките активности кои не бараат директно финансирање).

# Столб 1: Чиста енергетска транзиција

Столб 1 ја води енергетската транзиција во регионите засегнати од јаглен, со фокус на политики и инвестиции за премин од јаглен кон чиста енергија. Ова вклучува регулаторни реформи за складирање на енергија и развој на обновливи извори, поедноставени процедури за издавање дозволи за соларни централи (особено на локации на и околу рудниците), како и активно вклучување на заедниците како производител-потрошувач и енергетски заедници. Со забрзување на обновливите извори и модернизација на енергетскиот пазар, овие проекти не само што ги намалуваат емисиите, туку создаваат и нови економски активности (соларни електрани, складишни капацитети) во регионите кои се засегнати од енергетската транзиција.

## 1. Студии за изводливост за преобразба на постојните термоелектрани на јаглен (P2.1.4.2)

**Цел и опис**

Целта е да се изработат студии за изводливост и да се преобразат постојните термоелектрани на јаглен. Процена на техничката и економската изводливост на РЕК-овите, како и да се испитаат можностите за финансирање. При изработката на студиите за изводливост треба да се земе предвид и ефектот врз вработувањето, бидејќи со преобразбата на термоелектраните можат да се зачуваат голем дел од (ако не и сите) работни места во електраните. Главната цел на проектот е да се подготви техничка и економска студија за трансформација на РЕК-овите со јасни сценарија за работни места, трошоци, сигурност на снабдување и опции за финансирање. ЕСМ веќе го има отпочнато процесот на формулирање на Стратегијата за декарбонизација од која стратегија треба да произлезе и конкретен акциски план. Стратегијата треба да даде како информација резултати од моделирањето на енергетскиот систем и различни сценарио анализи за очекувани влијанија. Врз основа на акцискиот план ќе се утврдат следните активности во врска со пренамената на термоелектраните и кои документи ќе бидат потребни со цел да се почне со имплементација.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - февруари:**
Во првите два месеци од годината, предвидени се финализирање на моделирањето и дефинирање на различните сценарија за декарбонизација. Самата Стратегија ќе содржи и анализа на трошоци/придобивки и пристапност за ранливи потрошувачи и сигурност; ревизии и усогласување со национални политики како и Националниот План за Енергија и Клима (НПЕК). Тимот кој работи на Стратегијата очекува да продолжи со две-неделни статус состаноци со цел елиминирање на пречките доколку постојат и усогласување со прелиминарните рокови за финализирање на Стратегијата. Се предвидуваат почести консултации на интерно ниво во ЕСМ во февруари чии коментари и насоки ќе биде потребно да се вклопат во финалната верзија на Стратегијата.

**Март - април:**
Во март е предвидена финалната верзија на Стратегијата проследена со акциски план за имплементација врз основа на кој треба да се продолжи со работа и имплементација на Стратегијата. Крај на март - почеток на април се очекува финално усвојување од страна на органите на управување на ЕСМ.

**Мај-јуни:** Воспоставен систем за следење на имплементацијата на Стратегијата за декарбонизација на ЕСМ.

**Очекувани резултати (2026)**

- Усвоена стратегија на ЕСМ со интегриран акциски план и индикатори за следење.
- Индикатори:
    - (1) Стратегија за декарбонизација завршена (Да/Не);
    - (2) Стратегија усвоена (Да/Не).

**Буџет: 250,000 EUR** - техничка поддршка од Европска Банка за обнова и развој.

**Надлежни институции**: ЕСМ (водечки), МЕРМС (координација/политики).

**Ризик 1:** Доцнење во изработката или недостиг на меѓу-министерски консензус.
**Мерки за ублажување:** Активирање и редовни состаноци на работната група за одржување на динамиката и брзо решавање на отворените прашања. Фокус на „брзи добивки" преку приспособување на веќе постојни модели и решенија од ЕУ земји на националниот контекст, со цел да се скрати времето за подготовка. Позиционирање на Стратегијата како приоритетна обврска во рамки на Реформската агенда (со оглед на зголемениот интерес од ЕУ), за да се обезбеди политичка поддршка и навремени одлуки.

**Ризик 2:** Отпор од различни засегнати страни и блокирање на процесот на декарбонизација.
**Мерки за ублажување:** Спроведување инклузивни консултации со сите релевантни актери (јавни претпријатија, приватен сектор, регулатор, оператори, комори) за адресирање на загриженостите и градење доверба. Јасна комуникација дека декарбонизацијата носи системски придобивки (сигурност на снабдување, стабилност на мрежата, нови инвестиции и работни места) и создава предвидлива рамка за сите, наместо непланирани промени.

# 2. Анализа на енергетскиот сектор и процена на складишните капацитети и нивната улога во енергетскиот систем на Северна Македонија (вклучувајќи го и водородот) (P3.1.2.3)

**Цел и опис**

Активноста вклучува процена на изводливоста на пумпно-реверзибилните хидроелектрани, електро-хемиските батерии, топлинското складирање и зелениот водород. Акцентот ќе се стави врз складишните услуги што можат да му се даваат на енергетскиот систем на земјата (како и на соседните земји) за да се овозможи зголемување на инсталираниот капацитет на обновливи извори во мрежата. Целта е да се утврди улогата и најисплатливите опции за складирање, потребни пазарни стимулации и препораки за следни инвестиции, како подобрување на управувањето со мрежата преку современи SCADA и BESS системи. Ова ќе овозможи зголемена стабилност на електроенергетскиот систем и интеграција на обновливите извори.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - февруари**: Условите за работа се одобрени и истите ќе се објават со цел избор на консултант за физибилити студија (SCADA/BESS).

**Март:** Избор на консултант и почеток на физибилити студијата за SCADA/BESS.

**Април - јуни:** Скрининг на технологии и критериуми (LCOE, LCOC, сигурност); прибирање технички податоци и разгледување локации. Прелиминарни резултати и валидација со МЕПСО/МЕМО; изработка на физибилити студијата (моделирање, димензионирање).

**Јули:** Финална комуникација на наоди и препораки со сите засегнати страни и финализирање на физибилити студија (SCADA/BESS).

**Август-ноември**: Почеток на изработка техничка спецификација и идеен проект со пресметка на трошоци и подготовка и преговори за заем/финансирање.

**Очекувани резултати (2026)**

- Финализиран аналитички документ со проценка на потребната флексибилност и листа на приоритетни опции за складирање;
- Финализирана физибилити студија за SCADA и BESS системи, со техничка спецификација за имплементација.

**Индикатори:** (1) Физибилити студија за SCADA/BESS завршена (Да/Не).

**Буџет 2026:** 800,000 ЕУР (за анализа и студии, WBIF грант управуван од страна на ЕБОР).

**Надлежни институции**: ЕСМ (водечки) со поддршка од МЕРМС, МЕПСО, МЕМО.

**Ризик 1:** Каснење во обезбедување влезни податоци од институции (MEPSO/ЕСМ/ЕВН/РКЕ/општини)

**Мерки за ублажување:**

Почетен состанок со јасна листа на податоци со точни формати и рокови и јасно поставени комуникациски канали

**Ризик 2:** Слаба координација и бавни одлуки (повеќе институции, различни интереси)

**Мерки за ублажување:**

- Комитет за надзор со јасен мандат (одлуки за претпоставки/сценарија)
- Кратки неделни состаноци + двонеделен статус-извештај

**Ризик 3: Слаб квалитет/неконзистентност на податоци (различни верзии)**

**Мерки за ублажување:**

- Валидација на податоци преку јасно договорена листа
- Протокол за потврда за критичните информации

**Ризик 4:** Каснење со тендер за избор на консултант

Мерки за ублажување:

- Јасна структура и временска рамка договорена помеѓу ЕСМ и ЕБОР со цел почитување на роковите и имплементација во предвидено време.

# 3. Инсталирање и управување на масовни сончеви електрани на местата на рудниците (P3.2.1.2)

**Цел и опис**

Главната цел на овој проект е искористување на просторот на рудниците за јаглен за изградба и управување со големи соларни електрани, со што ќе се замени дел од изгубениот капацитет од јаглен и ќе се задржат или создадат работни места во регионите. Проектот опфаќа повеќе фотоволтаични централи: Фотоволтаична централа Битола III, Фотоволтаична централа Битола II, Фотоволтаична централа Битола I и Фотоволтаична централа Осломеј II, кои се во различни фази на зрелост (подготовка, изведба). Со реализација на сите четири централи, ќе се обезбеди околу 280 MW нов соларен капацитет на местата на рудниците, демонстрирајќи трансформација на „браунфилд“ локации во зелени енергетски зони.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - март:** Избор на консултант/ надзор за Битола II и Битола III и избор на изведувач за Битола I и Осломеј II.

**Април - октомври:** Изработка на проектна задача за избор на изведувач за Битола II и Битола III и изработка на основен проект за изведба за Битола I и Осломеј II.

**Ноември-декември:** Припрема на проектна документација за отпочнување со градба за Битола II и Битола III и комплетирање на целосна документација и започнување со градба за Битола I и Осломеј II и почнување со следење на сите градежни и приклучни активности.

**Очекувани резултати (2026)**

- Подготвена комплетна проектна и тендерска документација за Битола II и Битола III;
- Избран изведувач и започната изградба на ФВ Битола I;
- Избран изведувач и започната изградба на ФВ Осломеј II.

**Индикатори:**

Клучен индикатор е капацитетот (MW) со комплетирана проектна подготовка: цел е најмалку **100 MW** целосно подготвени за изградба и дополнителни **100+ MW** во напредна развојна фаза во Битола. Ова директно придонесува кон националната цел од 1,7 GW обновливи извори до 2030 година. Дополнително, се подготвуваат и првични проценки за создавање работни места.

(1) Објавени тендери/склучени договори за сите планирани ФВ проекти (Да/Не);
(2) Обезбеден нов соларен капацитет во изградба (MW).

**Буџет 2026:** ~9,500,000 EUR (вклучува грантови и кофинансирање од WBIF, ЕБОР, KfW).

**Надлежни институции:** ЕСМ (водечки) со поддршка од МЕРМС.

**Ризици и мерки за ублажување:**
**Ризици:**
- доцнење поради комплексност на тендерските постапки;
- промени во условите и/или трошоците за имплементацијата.

**Мерки за ублажување:**
- Воспоставување на редовна комуникација и утврдување на јасни одговорности на ЕСМ и финансиерите со цел да се имплементираат тендерите;
- Активно промовирање на проектите и гарантирање стабилни услови за инвеститорите.

# 4. Подзаконски акти за складирање на енергија и учество на пазарот (P3.1.2.2)

**Цел и опис**

Главната цел е развој и усвојување на секундарна регулатива („правилници“) за складирање на енергија, со што ќе се овозможи мрежно поврзаните складишни капацитети и батериите „зад бројач“ да функционираат и да учествуваат на енергетските пазари. Новиот Закон за енергетика во Северна Македонија предвидува интеграција на складирањето на енергија, но сè уште недостасуваат практични правила за лиценцирање, приклучување на мрежа и пазарно учество на складишните системи. Целта е да се усвојат подзаконски акти во однос на лиценцирањето, стопанисувањето и учеството на складишните капацитети на пазарот на електрична енергија и да се монтираат и користат складишни капацитети во идните производни постројки како и индивидуални складишни капацитети.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - февруари:**
Преку претставници од Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Регулаторна комисија за енергетика, МЕПСО - оператор на преносниот систем, оператор на пазарот МЕМО се разгледуваат на потребните елементи, како што се дефинирање лиценца за оператор на складирање, правила за полнење и празнење под регулирани тарифи, учество на складирањето на пазарите за балансирање и сл. Подготовка на преглед на теми што секој правилник треба да ги опфати (лиценцирање, приклучување на мрежа, пазарни правила) и нивна изработка. Изработка на подзаконски акти: правилник за лиценци, правила за регистрација на учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори.

**Март - мај:** Изработка и ажурирање на мрежни правила за пренос на електрична енергија.

**Јуни:** Усвојување на мрежни правила за пренос на електрична енергија.

**Очекувани резултати (2026)**

- Усвоени правилници кои опфаќаат: лиценцирање на складирање, стандарди за приклучување на мрежа и правила за пазарно учество.

**Буџет 2026:** Активноста се базира на институционален капацитет
**Надлежни институции:** Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини; Регулаторна комисија за енергетика; МЕПСО; ЕВН.

**Ризици и мерки за ублажување:**

- доцнење во усвојување - користење модели од ЕУ;
- отпор од пазарот - инклузивни консултации;
- ниска примена - пофлексибилни правила и ревизија по една година.

# 5. Поедноставени дозволи за фотоволтаични постројки (P3.2.1.1)

**Цел и опис**

Целта на оваа активност е поедноставување и забрзување на постапките за издавање дозволи за фотоволтаични (ФВ) инсталации, како за големи соларни електрани, така и за покривни соларни системи кај домаќинства и деловни субјекти. Во моментов, поставувањето ФВ системи во Северна Македонија е поврзано со сложени административни процедури и обемна техничка документација, што ги зголемува трошоците и предизвикува значителни доцнења.

Со оваа активност ќе се извршат измени на Законот за градење и Законот за обновливи извори на енергија со цел отстранување на непотребните чекори, воведување систем „едно шалтерско место“ (one-stop-shop) и намалување на бројот на потребни документи, особено во регионите засегнати од јаглен идентификувани како приоритетни за развој на соларна енергија. Очекуваниот резултат е значително скратување на времето и трошоците за добивање дозволи, што ќе поттикне побрза инсталација на соларни капацитети како дел од праведната транзиција. До крајот на 2026 година, се очекува законските измени да бидат усвоени и да биде воспоставен функционален систем „едно шалтерско место“ со јасна чек-листа за постапката за дозволи за ФВ проекти.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - февруари:**
Анализа на постојните процедури за издавање дозволи, вклучувајќи:

- мапирање на сите чекори (локациски услови, градежна дозвола, согласност за приклучок на мрежа, еколошка оцена итн.) за големи соларни електрани и за мали покривни ФВ системи;
- собирање докази од инвеститори и девелопери за главните проблеми (доцнења, дуплирање документација);
- анализа на времетраењето на постапките (број на денови и потребни документи).

До крајот на февруари се подготвува концептуален нацрт за измени на Законот за градење и Законот за користење на енергија од обновливи извори, кој се предвидува да вклучува: поедноставена постапка, обединување на дозволите и воведување „едно шалтерско место“.

**Март - април:** Финализирање на законските измени и нивно доставување до Владата за усвојување. Паралелно, започнува административна подготовка за воспоставување на „едно шалтерско место“, вклучително и дизајн на функционалните барања.

**Мај - септември:** Разработка на подзаконски акти или водичи по усвојувањето на законите, како и обуки за општинските службеници и релевантниот кадар за новите правила и функционирањето на системот „едно шалтерско место“.

**Очекувани резултати (2026)**

- Усвоени измени на Законот за градење и Законот за обновливи извори на енергија со јасно поедноставени процедури за ФВ инсталации.
- Функционален систем „едно шалтерско место“ со јавно објавена чек-листа и оперативна процедура.

**Клучни индикатори:**

- намалување на просечното време за добивање дозволи за ФВ проекти (цел: најмалку 30%);
- зголемен број иницирани ФВ проекти, особено во двата засегнати региони.

**Буџет за 2026 година:** Нема директни капитални трошоци (административни и институционални капацитети). Можно е користење средства за техничка помош за обуки и информирање (~20.000 евра).

**Надлежни институции:** Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерство за транспорт.

**Партнери:** Регулаторна комисија за енергетика, донаторски програми, Македонска Соларна асоцијација, приватни инвеститори.

**Клучни ризици и мерки за ублажување**

- **Отпор кон промени:** користење политичка поддршка и примери од ЕУ.
- **Загриженост за безбедност и квалитет:** задржување на суштинските проверки, но поефикасно интегрирани.
- **Доцнење во законска постапка:** пилот-примена преку подзаконски или административни мерки.

# 6. Мапирање на енергетската потрошувачка во јавните објекти и инфраструктури во јаглените региони и поставување целни вредности (P2.1.1.3)

**Цел и опис**

Целта на овој проект е да се воспостави јасна и споредлива базна линија на енергетската потрошувачка во јавните објекти и јавната инфраструктура во јаглените региони и да се дефинираат конкретни целни вредности за намалување на потрошувачката и емисиите во периодот што следи. Проектот ќе опфати систематско собирање и верификација на податоци (електрична енергија, топлинска енергија и горива), класификација на објекти по тип и корисници (училишта, градинки, здравствени установи, административни објекти, јавно осветлување, водовод/комунални системи и сл.) и идентификација на приоритетни мерки за енергетска ефикасност. Како надградба, ќе се разгледа и поширок опфат (пр. транспортниот сектор и јавни услуги со значајна потрошувачка), со цел проектите да се групираат по корисници/сегменти и да се подготват како „пакети“ што се попривлечни за финансирање од приватниот сектор. На тој

начин, проектот директно ќе им помогне на државните и локалните власти да подготват подготвени, структурирани ЕЕ проекти, вклучувајќи и проекти погодни за компании даватели на енергетски услуги (КДЕУ/ESCO).

### Клучни активности и временска рамка (2026)

**Јануари – март:** Состанок со работна група; дефинирање опфат и методологија; ревидирање и утврдување на стандарден шаблон за прибирање податоци; иницијално собирање на сметки, мерни места, договори и тарифи по објект/систем.

**Април:** Чистење и верификација на податоците; изработка на прелиминарна база и класификација на објектите (по тип, квадратура, корисници, режим на работа); прва анализа на „најголеми потрошувачи“ и идентификација на брзи мерки.

**Мај – јуни:** Теренска валидација/примероци кај репрезентативни објекти; нормализација на потрошувачката (по $m^2$, по корисник, по сезонски фактори); подготовка на мапа за потрошувачка и емисии; иницијална листа на мерки по тип на објект/инфраструктура.

**Јули – август:** Дефинирање на конкретни целни вредности (KPI) по сектор/општина и изработка на приоритетна листа на интервенции; групирање на мерките во пакети по корисници (пр. „училишта и градинки“, „јавно осветлување“, „водоводни системи“, „административни објекти“) и проценка на потенцијал за заштеди.

**Септември – октомври:** Финансиска рамка за пакетите (индикативен CAPEX/OPEX, очекувани заштеди, период на поврат); скрининг на погодност за КДЕУ/ESCO модели.

**Ноември – декември:** Консултации и финализирање на студијата и базата; предлог план за имплементација и механизам за годишно ажурирање на податоците; препораки за следни чекори (пилотирање, подготовка на техничка документација и финансирање).

**Очекувани резултати (2026)**

- Воспоставена база на податоци/инвентар за енергетска потрошувачка на јавни објекти и инфраструктури во јаглените региони;
- Дефинирани конкретни целни вредности (KPI) за намалување на потрошувачката и емисиите по сектор и општина;
- Подготвена приоритетна листа на мерки и разгледување на начин на финансирање (вклучително и КДЕУ/ESCO потенцијал);
- Воспоставен процес и шаблони за редовно ажурирање и известување.

**Индикатори**
(1) Број на опфатени објекти/системи во базата;
(2) % објекти со валидирани и комплетни податоци;

**Буџет 2026:** административни и институционални трошоци и средства во рамки на доделени грантови и кофинансирање од WBIF, ЕБОР, KfW – за подготовка на студија, теренска валидација, база на податоци, консултации и подготовка на следни чекори за имплементација.

**Надлежни институции:** Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини (координација); општините во јаглените региони и нивните јавни претпријатија; релевантни државни институции поврзани со јавна инфраструктура и транспорт (по потреба).

**Ризици и ублажување**

• Ризици: недоволни/неконзистентни податоци по објекти; ограничен капацитет во општини/ЈП; недоволна координација меѓу институции; слаб интерес од приватен сектор за финансирање.
• Мерки: стандарден шаблон и јасни одговорни лица; теренска валидација и контрола на квалитет; редовни координациски состаноци; класифицирање по корисници и развој на индикативни модели за да се зголеми атрактивноста за приватно финансирање.

# 7. Неопходни надградби во преносната и дистрибутивната мрежа во засегнатите региони (Р3.2.1.4)

**Цел и опис**
Главната цел на проектот е зајакнување и модернизација на електроенергетската мрежна инфраструктура во регионите зависни од јаглен, со фокус на преносната мрежа, за да се овозможи сигурно прифаќање на новите обновливи извори и подобро управување со енергетските текови. Овој проект опфаќа повеќе активности кои се предвидени да се имплементираат во текот на 2026 година: (1) Мастер план за мрежна инфраструктура, (2) изградба на 400/110 kV трансформаторска станица Охрид (како дел од интерконекција Битола 2 - Елбасан), (3) реконструкција на далноводи 2x110 kV Вапила - ТС Охрид 1, (4) зајакнување на преносната мрежа во Југозападен регион, како и дигитализација и „позеленување“ на преносната мрежа. Со реализирање на овие активности, ќе се зголеми капацитетот и флексибилноста на мрежата во засегнатите региони, што е предуслов за интеграција на нови производствени капацитети и подобрување на квалитетот на снабдувањето.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари:** Изработка на Мастер план за мрежна инфраструктура (Grid Master Plan) - дефинирање приоритетни инвестиции и фази каде би се идентификувале потребните надградби на националната преносна мрежа на 400 kV, надминување на техничките бариери за интеграција на обновливите извори на енергија, спроведување на анализи на трошоци и придобивки (Cost-Benefit Analysis - CBA) и зајакнување на планерските и оперативните капацитети на МЕПСО; финализирање на техничка документација за ТС Охрид; започнување на активности за проектирање на реконструкција на далноводите; иницирање на студија за „паметна“ мрежа (smart grid) за Југозападен регион.

**Февруари:** Усвојување на Мастер планот од МЕПСО; почеток на тендерска постапка за изградба на ТС Охрид; прибавување дозволи за реконструкција на далноводите; спроведување анализа за потребите за дигитализација на мрежата.

**Март:** Мобилизација на изведувач за ТС Охрид (по тендер); изработка на детални проекти за реконструкција на далноводи; подготовка на техничка спецификација за опрема за smart grid иницијативи.

**Април - јуни:** Интензивни градежни работи на ТС Охрид; почеток на реконструкција на приоритетни делници на далноводите; набавка на опрема за автоматизација и мониторинг за преносната мрежа; обуки на кадарот на МЕПСО за новите технологии.

**Јули - септември:** Завршување на главните градежни активности на ТС Охрид и пуштање во пробна работа; финализирање на реконструкцијата на двојниот далновод Вапила - Охрид 1; имплементација на пилот-системи за дигитален надзор и контрола (SCADA надградби, сензори) во Југозападниот регион.

**Октомври - декември:** Завршување на сите реконструкции на далноводи; изготвување извештај со ефектите од мрежните подобрувања (зголемен капацитет, намалени загуби); планирање на следни чекори за 2027 (на пр. нови интерконекции, дополнителна дигитализација).

**Очекувани резултати (2026)**
- Дефиниран пакет приоритетни мрежни инвестиции со Мастер план (усвоен);
- Почната со изградба 400/110 kV ТС Охрид;
- Реконструирани клучни сегменти од 110 kV мрежата во Југозападниот регион;
- Спроведени пилот-мерки за дигитализација (паметна мрежа) во преносниот систем.

**Индикатори:**
(1) Усвоен и прифатен финален Мастер план за преносната мрежа;
(2) Број реализирани мрежни проекти (цел: 3 главни компоненти завршени);
(3) Подобрен капацитет за пренос (цел: +20% во регионот).

**Буџет 2026:**
- 1,000,000 EUR за Мастер Планот за преносната мрежа финансиран со техничка поддршка од ЕБОР со средства од Австрија и Bloomberg Philanthropies.
- 400/110 kV Substation (SUVODOL), 2x 400 kV OHTL lines, & 400 kV Bays at SS BITOLA 2 - 35.3 милиони евра финансиран од сопствени средства
- Зајакнување на мрежата во Југозападен регион - 26.3 милиони евра финансиран преку ЕБОР и WBIF.

**Надлежни институции:** МЕПСО (водечко) со поддршка од МЕРМС.

**Ризици и мерки за ублажување:**

**Ризици:** можни доцнења поради сложени набавки и градежни предизвици; ограничен капацитет за имплементација.

**Мерки:** детално планирање според реалниот капацитет на мрежата; ангажирање на дополнителна техничка помош и надзор по потреба.

# 8. Подигање на свеста за производител - потрошувач и енергетски заедници (Р3.2.2.5)

**Цел и опис**

Целта на оваа активност е спроведување сеопфатна кампања за подигање на свеста и едукација во Пелагонискиот и Југозападниот регион, со цел промовирање на користењето на обновливи извори на енергија преку **производител - потрошувач** (граѓани или компании кои произведуваат електрична енергија за сопствена потрошувачка, на пример преку покривни фотоволтаични системи) и преку **енергетски заедници** (колективни проекти во кои граѓаните заеднички инвестираат во обновливи извори). Во моментов, Северна Македонија заостанува во однос на бројот на производител - потрошувач и формирани енергетски заедници. Оваа активност има за цел да ги информира домаќинствата, земјоделците и малите и средните претпријатија за финансиските и еколошките придобивки од сопствено производство на енергија, за достапните државни и финансиски стимули, како и за новите законски можности (на пример, формирање задруги или кооперативни соларни проекти). Преку подигање на свеста и градење доверба - со локални работилници, медиумски кампањи, демонстрациски активности и вклучување на локални „амбасадори“ - се очекува зголемување на бројот на производител - потрошувач и иницирање на првите енергетски заедници во засегнатите региони. Вклучувањето на граѓаните е клучно за праведната транзиција, со цел тие активно да учествуваат и да имаат директни придобивки, а не само да бидат набљудувачи на големи инфраструктурни проекти. Една од активностите што се предвидува е изработка на физибилити студија заедно со ЕСМ и со поддршка од невладиниот сектор, која ќе обезбеди сеопфатна анализа (техничка, економска, правна и организациска) за воспоставување на одржлив модел на енергетска заедница во Новаци, земајќи ги предвид потенцијалите на деградираните земјишта, вклученоста на локалните чинители и долгорочните социјални и еколошки придобивки, како и да понуди конкретни препораки за финансиски модели, распределба на придобивките, вклучување на граѓаните и мерки за рекултивација и одржливо користење на локациите.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**

**Февруари - април:** Изработка на стратегија за кампања за подигање на свеста. Ангажирање комуникациска компанија или конзорциум од граѓански организации за подготовка на пораки и материјали прилагодени на локалните заедници (Битола, Кичево и др.). Подготовка на едноставни водичи, како што се „Како да станете производител - потрошувач“, примери на успешни приказни од домаќинства или бизниси кои веќе инсталирале соларни системи, како и објаснувања за функционирањето на енергетските заедници. Се планираат канали за информирање: локални трибини, радио и ТВ емисии, социјални мрежи и демонстрациски настани. До април започнува првата фаза на кампањата, со медиумски објави, дистрибуција на информативни материјали и закажување локални настани. Воедно се идентификуваат и обучуваат локални промотори (на пример, наставници, активисти, претставници на граѓански организации) кои ќе можат да ги објаснуваат овие концепти на разбирлив начин.

Собирање на понуди за изработка на физибилити студијата за енергетска заедница во Новаци, евалуација и избор на консултант со цел отпочнување на студијата. Отпочнување со студијата и идентификување можни локации и технички решенија за поставување на фотоволтаични системи,

не ограничувајќи се само на фотоволтаици туку земајќи ги предвид и батериските системи за складирање, можности за конекција со РЕК Битола и идни топлински системи. Како приоритетни локации се утврдени старите рудници на јаглен во Општина Новаци. Експертот треба да предложи големина и капацитет на инсталацијата. Се очекува и изработка на техничката анализа и развој на модели на управување со заедниците.

**Мај - јули:** Спроведување на првиот бран на теренски активности. Организирање информативни работилници во секоја од таргетираните општини (најмалку четири настани, на пример во Битола, Новаци, Кичево и уште една помала општина). На овие настани експерти и постојни производител - потрошувач ќе ги споделуваат своите искуства, а граѓаните ќе можат да поставуваат прашања за техничките, административните и финансиските аспекти на соларните инвестиции. Паралелно се спроведува медиумска кампања преку локални радио емисии, социјални мрежи и кратки видео содржини. До средината на годината целта е директно да се информираат најмалку 500 лица преку настани, а индиректно уште неколку илјади преку медиумите. Се собира повратна информација за најчестите нејаснотии (на пример, трошоци, административна сложеност), со цел тие да се адресираат понатаму.

Од аспект на физбилити студијата, се очекува да се подготви нацрт и финална верзија на физибилити студијата, вклучувајќи препораки за идни чекори и потенцијални извори на финансирање. Резултатите се очекува да се презентираат, обезбедувајќи транспарентност и вклучување на граѓаните и локалната заедница во процесот.

**Август - септември:** Евалуација и прилагодување на кампањата. Доколку одредени групи (на пример, жени или жители на рурални средини) не се доволно опфатени, се прилагодува пристапот. Се организираат специјализирани сесии во соработка со банки за информирање за можностите за финансирање на покривни соларни системи. Започнува вториот бран активности, насочен кон специфични сегменти, како што се МСП или жители на станбени згради кои можат заеднички да инвестираат во ФВ системи.

**Октомври - ноември:** Продолжување на теренските активности и таргетирани следни чекори. Идентификација на конкретни иницијативи за енергетски заедници (на пример, први пилот-проекти). Организирање дополнителни медиумски активности кои ги истакнуваат првите резултати од кампањата (на пример, зголемен број апликации за производител - потрошувач или формирање на прва енергетска заедница).

**Декември:** Завршување на годишната кампања со сумирање на резултатите. Организирање регионален настан или саем за обновлива енергија, каде што компаниите ќе ги презентираат своите решенија, а новите производители-потрошувачи ќе ги споделат своите искуства. Подготовка на краток извештај со индикатори за постигнатото влијание.

**Очекувани резултати (2026)**

- Спроведена годишна кампања за подигање на свеста во двата региони, со најмалку два поголеми бранови активности (пролет и есен).
- Изработени информативни материјали (брошури, FAQ, видеа, радио содржини) на разбирлив јазик.

- Организирани најмалку четири локални работилници со вкупно најмалку 100 директни учесници.
- Значително медиумско опфаќање и зголемен интерес, измерен преку бројот на апликации за производители-потрошувачи (цел: пораст во однос на 2025 година) и иницирање најмалку 1-2 пилот-енергетски заедници.

**Буџет за 2026 година: 200.000 евра**, што ги опфаќа трошоците за комуникациски експерти, продукција на материјали, логистика за настани и можни мали грантови за локални организации. Делумно од буџетски средства но се очекува и донаторска поддршка. Активноста е планирана во континуитет, повеќегодишна (2026-2028).

**Надлежни институции:** Општините (водечка улога во локалната имплементација), граѓански организации и локални енергетски агенции (оперативна имплементација), Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини / Министерство за економија и труд (координација и усогласување со националните политики).

**Партнери:** Комерцијални банки, донаторски проекти (ЕУ, ГИЗ и др.), медиуми, енергетски компании (ЕВН) и други релевантни чинители.

**Клучни ризици и мерки за ублажување**

- **Низок интерес или скептицизам кај граѓаните:** користење локални успешни приказни и вклучување доверливи локални актери.
- **Сложеност на техничките и административните процедури:** поедноставени пораки и обезбедување контакт-точки за дополнителна поддршка.
- **Финансиски бариери:** соработка со банки за промоција на поволни кредити и информирање за државни субвенции.
- **Недоволно вклучување на жени и ранливи групи:** таргетирани активности и партнерства со локални женски и граѓански организации.

# 9. Приоритетни дозволи за големи соларни проекти во регионите засегнати од јаглен (P3.2.1.3)

**Цел и опис**

Целта на оваа активност е воспоставување политика за **издавање дозволи** за големи проекти од обновливи извори на енергија (пред сè фотоволтаични електрани) лоцирани во засегнатите региони. Со оглед на големиот број апликации за обновливи проекти на национално ниво (проценето на околу 7.000 MW), може да значи воведување критериум за приоритет или дополнителни поени при обработка на апликациите (на пример, при доделување мрежен капацитет, лиценци или учество на аукции), или резервирање дел од новиот капацитет специјално за проекти во општините. Со ова се поттикнува инвеститорите да ги насочат своите проекти кон овие региони, усогласувајќи ги инвестициите со целите на праведната транзиција.

До крајот на 2026 година, се очекува оваа политика да биде формализирана преку Годишниот план за изградба на енергетски објекти за производство на електрична и топлинска енергија и складирање на електрична енергија инвестиции во обновливи извори на енергија или преку одлука на Владата со која надлежните институции ќе бидат задолжени да обезбедат приоритетна обработка на проектите во регионите.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - февруари:** Дизајн на политиката за приоритет. Се врши анализа на постојната листа на апликации за обновливи проекти и се утврдува колкав дел од нив се лоцирани во регионите за јаглен. Се дефинира што се смета за „голем проект“ (на пример, над 10 MW) и се разгледуваат можни модели за приоритизација, како што се:

- резервирање дел од годишниот мрежен капацитет за регионите;
- побрза обработка на апликациите од овие региони;
- воведување бонус-критериуми при оценување на проекти.

Во оваа фаза се спроведуваат внатрешни консултации со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Регулаторната комисија за енергетика и МЕПСО. До почетокот на март се подготвува нацрт-мерка која може да се вклучи во Годишниот план за инвестиции во обновливи извори или да биде усвоена како владина одлука.

**Март - април:** Анализа на можностите за вградување на мерката во новиот Закон за користење на енергија од обновливи извори или во подзаконски акти (на пример, правила за конкурентни аукции или договори за разлика - CfD). Се обезбедува усогласеност со националната регулатива и со европските принципи за недискриминација, со јасно образложение дека мерката е временска и насочена кон праведна транзиција.

**Трет квартал (јули - септември):** Имплементација на механизмот за приоритет. Во случај на аукции за обновливи извори, може да се дизајнираат посебни „лотови“ или квоти за регионите засегнати од јаглен. Министерството започнува и систематско следење на индикатори, како што се бројот на дозволени MW во регионите засегнати од јаглен во споредба со останатите делови од земјата.

**Четврти квартал (октомври - декември):** Усогласување со Годишниот план за инвестиции и јавно комуницирање на мерката. Се организира информативна сесија со инвеститори и развивачи на обновливи проекти за да се објасни новиот приоритетен режим и да се охрабрат да разгледуваат локации во региони (вклучително и поврзување со бази на податоци за достапно земјиште).

**Очекувани резултати (2026)**

- Усвоена формална политика или регулаторна мерка со која големите соларни (и по потреба други обновливи) проекти во засегнатите региони добиваат приоритет при дозволи и приклучување на мрежа.
- Јасна комуникација до пазарот преку упатства, јавни објави или Годишен план за инвестиции во обновливи извори.

**Индикатори за успех:**

- зголемен удел на новиот соларен капацитет лоциран во Пелагонискиот и Југозападниот регион;

- скратено време за издавање дозволи за проекти во засегнатите региони во споредба со другите региони (квалитативен индикатор). Очекуваниот ефект е насочување на поголем дел од новите инвестиции кон Битола, Кичево и околните општини, со што зелената енергија станува двигател на економската ревитализација на овие подрачја.

**Буџет за 2026 година**: Административна и регулаторна мерка со минимални оперативни трошоци. Активноста е планирана како повеќегодишна политика (2026-2030).

**Надлежни институции:** Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини (издавање и координација на политиката); Регулаторна комисија за енергетика (вградување во лиценци и тарифни постапки); МЕПСО (управување со редицата за приклучување на мрежа)

**Партнери:** Енергетската заедница (советодавна улога), ЈЕТИП платформата (комуникација и дијалог со инвеститорите).

**Клучни ризици и мерки за ублажување**

- **Ризик:** Правни предизвици од инвеститори надвор од регионите (наводна дискриминација).
    - **Ублажување:** јасно дефинирање на мерката како временска, транспарентна и оправдана со јавен интерес (праведна транзиција), со можност сите проекти да продолжат, но со различен приоритет.
- **Ризик: Нејасни критериуми за приоритет.**
    - **Ублажување:** прецизно дефинирање на „јагленски регион“ (по општини) и на начинот на приоритизација (редослед, квоти, поени).
- **Ризик: Ограничувања во мрежата и покрај приоритетот.**
    - **Ублажување:** тесна координација со плановите за мрежни инвестиции и фазна реализација на проектите во согласност со реалниот капацитет на мрежата.

# Столб 2: Економска транзиција

**Столб 2** е насочен кон ревитализација на регионите зависни од јаглен преку поттикнување нови економски активности. Проектите во рамки на овој столб имаат за цел да ги насочат инвестициите и државната поддршка кон Пелагонискиот и Југозападниот регион, да ја подобрат индустриската инфраструктура и да ги прилагодат рамките за поттикнување со цел привлекување индустрии со висока додадена вредност. Со тоа ќе се создадат алтернативни работни места и економски можности за заедниците погодени од затворањето на коповите и термоелектраните.

## 10. Инвестиции во индустриските зони Кичево, Прилеп и Жабени (P1.3.2.1)

**Цел и опис**

Целта е подготовка и унапредување на индустриските зони Кичево, Прилеп и Жабени (Битола) за привлекување нови инвеститори и индустрии, како и создавање работни места за работниците кои работат со јаглен. Зоните имаат значителен потенцијал, но се соочуваат со инфраструктурни празнини и специфични предизвици (на пример, нестабилно влажно земјиште во Жабени). Проектот ќе ги идентификува потребните инвестиции во патна и комунална инфраструктура (водоснабдување, канализација, електрична енергија, дренажа) и ќе изготви план за нивно спроведување, вклучително можности за кофинансирање. Со подобрување на условите во зоните, регионот ќе може да привлече производствени и логистички компании, диверзифицирајќи ја економијата надвор од рударството.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Март - мај:** Детална анализа на барањата на потенцијални инвеститори и постоечките инфраструктурни недостатоци (патна мрежа, водоснабдување, електрична енергија, имотно-правни прашања) во зоните; изработка на индикативни трошоци за решенија за Жабени (стабилизација на земјиште) и Прилеп.

**Јуни-август:** Изработка на план за унапредување на зоните („подготвени за инвестиции“), со приоритизација на инфраструктурните проекти; консултации со Дирекцијата за ТИРЗ и локалните власти за усогласување на планот; идентификација на извори за финансирање (буџетски, CIF, Светска Банка).

**Септември-октомври:** Отпочнување со спроведување на приоритетните мерки - на пример, подобрување на пристапните патишта или решавање одводнување во Жабени; олеснување на административни процедури за нови инвеститори.

**До ноември:** Завршување на најмалку еден главен инфраструктурен зафат во секоја зона (пр. реконструкција на клучен пат или поставување индустриски водовод/канализација); подготовка на промотивни материјали за „инвестициски подготвени“ зони; таргетирани презентации до мултинационални компании.

**Декември:** Евалуација на напредокот; идентификација на нови инвеститори кои покажале интерес; изготвување извештај и препораки за следни чекори во 2027 (на пр. дополнителни стимулативни мерки или проширување на зоните).

**Очекувани резултати (2026)**

- Изготвен мастер-план за инфраструктурно унапредување на индустриските зони Кичево, Прилеп и Жабени;
- Спроведени најмалку 2 приоритетни инфраструктурни инвестиции (по една во секоја зона) кои ја подобруваат нивната атрактивност;
- Најмалку 5 нови инвеститорски контакти или преговори започнати како резултат на подобрените услови и промоцијата на зоните.

**Индикатори:**
(1) Изготвен план за унапредување (Да/Не);
(2) Број реализирани инфраструктурни проекти (цел: ≥2);
(3) Број на изрази на интерес од инвеститори (цел: ≥5).

**Буџет 2026:** 500,000 EUR (приближно, се очекува да се повлечат средства од CIF и делумна буџетска поддршка).

**Надлежни институции**: Министерство за економија и труд, ДТИРЗ (водечка институција), општините Битола и Прилеп, Министерство за транспорт.

**Ризици и ублажување:**

- **Ризици:** геотехнички проблеми (влажни терени) особено во Жабени; ограничен капацитет на општините; слаб инвеститорски интерес.
- **Мерки:** детални геотехнички истражувања и фазен пристап (прво поефтини стабилизациски мерки); вклучување на ДТИРЗ со проектна поддршка и Светска банка експертиза; активен маркетинг и воведување дополнителни поттици за „први инвеститори“.

# 11. Стимулации за засегнатите региони (P1.1.1.2)

**Цел и опис**

Целта на овој проект е зголемување на атрактивноста на Пелагонија и Југозападниот регион за сите инвеститори преку повисоки нивоа на поттик и поолабавени критериуми специјално наменети за овие региони. Оваа мерка се надоврзува на претходната, но се фокусира на општата рамка за инвестициски поддршки: зголемување на максималниот интензитет на државна помош и намалување на праговите (минимална инвестиција/број работни места) за проекти во јагленските општини. Со тоа се олеснува инвестирањето и проширувањето и за помали и за поголеми компании во Битола, Прилеп, Кичево и останатите погодени општини. Предвидено е овие промени да се инкорпорираат во релевантните закони/уредби за регионална помош.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - март:** Анализа на трендови и искористеност на постојните инвестициски поттици по региони; идентификување на најрестриктивните параметри за Пелагонија/Југозапад; собирање мислења од локални бизниси и експерти; координација со поширокатa анализа за државна помош.

**Април - јуни:** Развој на конкретни предлог-измени во правилници/уредби - на пр. класификација на Пелагонија и Југозапад во повисока категорија на помош, дополнителни +10 процентни поени интензитет, намален минимален праг за инвестиција или број работници; усогласување со Законот за ТИРЗ и друга инвестициска регулатива.

**Јули - август:** Јавни консултации и дијалог со ЕК (доколку е потребно нотификација/усогласување со ЕУ мапата на регионална помош); интерни консултации со Министерство за финансии и правните служби на надлежните институции.

**Септември - октомври:** Финализирање и доставување на пакетот измени до Владата (или Парламентот, по потреба); целосно владино одобрување до октомври за да се синхронизира со буџетските процеси за 2027.

**Ноември - декември**: Планирање на имплементацијата - ажурирање на упатствата за аплицирање и комуникација со инвеститори и локални власти во врска со новите услови; доколку усвојувањето на измените доцни, подготовка на привремени мерки за почеток на 2027.

**Очекувани резултати (2026)**
- Усвоени измени во правната рамка со кои региони добиваат повисок максимален интензитет на помош и намалени прагови за инвестиции;
- Издадени официјални упатства за примена на новите поттикнувања;
- До крајот на 2026, најмалку 2 прилагодени инструменти за финансирање (јавни повици) изработени според новите услови.

**Индикатори:**
(1) Донесени регулаторни измени (Да/Не).

**Буџет 2026:** Нема директен буџетски трошок (реформска мерка, ефектот ќе се рефлектира во 2027 преку повисоки алокации).

**Надлежни институции:** Министерство за економија и труд (водечко), Министерство за финансии.

**Ризици и ублажување:**
- Ризици: потенцијална неусогласеност со ЕУ правила за државна помош; слаб интерес од целните компании; перцепција за фаворизирање на странски фирми.
- Мерки: блиски консултации со ЕК и ограничување на мерките во време/обем; активна промоција и таргетирање сектори каде регионите имаат предности; јасна комуникација за позитивните ефекти врз локалната економија и МСП.

# Столб 3: Зелена и паметна инфраструктура

**Столб 3** ги адресира еколошките и инфраструктурните потреби во транзициските региони, со цел праведната транзиција да донесе и подобри услови за живеење и одржливост. Проектите се фокусираат на интегрирано управување со води и управување со отпад - клучни услуги кои заостануваат во регионите . Инвестициите во модерни водоводни и отпадни системи ќе создадат поздрава животна средина, нови „зелени“ работни места и подобри јавни услуги.

## 12. Промовирање на зазеленување и модернизација на јавните градски и меѓуградски возни паркови (P2.1.2.3)

**Цел и опис**

Целта е да се поддржи преминот од дизел кон возила на алтернативни горива во јавниот превоз, преку обезбедување техничка помош, подготовка на техничка и тендерска документација и мобилизација на финансиски извори. Проектот опфаќа: набавка на 10 електрични автобуси за Битола, 3 мали електрични возила и 2 поголеми за меѓуградски потреби како електрични комбиња/минибуси за рурални училишни рути во Кичево. Со ова се придонесува кон намалување на емисиите на $CO_2$, подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на оперативните трошоци и подобрување на пристапноста и безбедноста на јавниот превоз.

**Клучни месечни активности (2026)**
**Јануари - февруари:** Анализа на постоечки возни паркови, линии и километража; дефинирање на потреби и технички спецификации за електрични автобуси и комбиња; анализа на профили на полнење

**Март- април:** Анализа на финансиски модели (донори, кредити, грантови, лизинг)

**Мај:** Подготовка и објава на тендерска документација

**Јуни-август:** Евалуација на понуди и избор на добавувачи, потпишување договори; подготовка локации за полначи

**Јули - август:** Испорака на возила; обука на возачи и технички персонал

**Септември:** Почеток на оперативна употреба (училишна година)

**Очекувани резултати (2026)**
- Набавени и ставени во функција најмалку 15 електрични возила
- Намалени емисии на $CO_2$ и оперативни трошоци
- Подобрен јавен превоз и училишен транспорт

**Индикатори**

- Број на набавени електрични возила
- kWh потрошувачка и споредба со дизел
- Проценета $CO_2$ заштеда
- Број на корисници (патници/ученици)

**Буџет (2026)** ≈ 385.000 – 450.000 EUR (индикативно, по финална спецификација)

**Надлежни институции:** Општина Битола; Општина Кичево

**Партнери:** МОН; ЗЕЛС; донори/МФИ; добавувачи на возила и полначи

**Ризици и мерки за ублажување**

- Ризик: Високи почетни трошоци
- Мерки: Комбинирање грантови и кредити; фазна имплементација

# 13. Поставување станици за полнење на електрични возила (P2.1.3.4)

**Цел и опис**

Проектот има за цел да ја подобри EV-инфраструктурата во Пелагонискиот и Југозападниот регион преку планирање, лоцирање и инсталирање на нови јавни станици за полнење. Ова е предуслов за развој на електричниот транспорт, туризмот и декарбонизацијата на сообраќајот.

**Клучни месечни активности (2026)**
**Јануари - март:** Анализа на постојна состојба и побарувачка, критериуми и избор на потенцијални локации, утврдување на потребна техничка документација и типологија на полначи

**Април – мај**: Анализа на модели за јавно-приватно партнерство, финализирање модел и тендерска подготовка

**Јуни:** Избор на оператор/партнер

**Јули:** Инсталација на полначи

**Август:** Тестирање и пуштање во употреба

**Септември:** Маркетинг и сигнализација

**Очекувани резултати**

- Поставени најмалку 2–4 нови јавни EV станици
- Подобрен пристап за електрични возила

**Индикатори**
- Број на нови локации
- Број на полначи (AC/DC)

**Надлежни институции**: Општини; МЕПСО/ЕВН (по потреба)

**Партнери**: Приватни оператори; донори; ЕВН

**Буџет (2026)** ≈ 100.000 – 200.000 EUR (во зависност од моделот) со сопствени средства

**Ризици и мерки за ублажување**
- Ризик: Недоволна искористеност
- Мерки: Стратешки локации; поврзување со туризам и јавен превоз

## 14. Кампањи за подигање на јавната свест за спречување на отпад (P2.1.3.9)

**Цел и опис**

Целта на проектот е промена на однесувањето на граѓаните и компаниите преку координирани кампањи за спречување на отпад, одделно собирање и биоотпад, во партнерство со јавни институции, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ и граѓани. Активностите се усогласени со националните и регионалните политики за управување со отпад.

**Клучни месечни активности (2026)**
**Февруари:** Планирање и календар на кампањи и план за развој на комуникациски материјали

**Март-мај:** Развој на комуникациски материјали, работилници со училишта и заедници, Кампања за одделно собирање

**Јуни-август:** Анкета за свест (основа) и Јавни настани и партнерства со ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, летни акции и кампањи за повторна употреба

**Септември - октомври**: Кампањи за приватни бизниси со јавни трибини

**Очекувани резултати**
- Зголемена јавна свест и учество
- Подобра подготвеност за проширено одделно собирање

**Индикатори**
- Број на кампањи и учесници
- Резултати од анкети за свест
- Број партнерства

**Надлежни институции:** Општина Битола; ЈП Комуналец

**Буџет (2026):** Во рамки на постојни проекти (SALAR / RU READY)

**Ризици и мерки за ублажување**

- Ризик: Премногу кампањи
- Мерки: Таргетирани и локално релевантни пораки

# 15. Пилот-проекти за интегрирано и холистичко управување со водите (P2.1.4.2)[2]

**Цел и опис**

Целта на проектот е имплементација на два пилот-проекти за интегрирано управување со водните ресурси во регионите засегнати од јаглен - еден во Пелагонија (околината на Битола) и еден во Југозападниот (околината на Кичево). Пилотите имаат за цел да ги намалат загубите на вода (non-revenue water) и да ги унапредат системите за водоснабдување и отпадни води, воведувајќи притоа паметни решенија (телеметрија, сензори) за мониторинг и детекција на истекувања. Додадената вредност на проектот е холистичкиот пристап - наместо изолирани интервенции, ќе се креира интегриран регионален план кој обединува замена на застарени цевководи, подобрување на системите за отпадни води и дигитално следење. Секој пилот ќе резултира со инвестициски план кој ги поврзува сите аспекти (вода, отпадни води, ИТ мониторинг) за период 2026-2030.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**

**Март:** Воспоставување координативни структури и работни групи (вклучени општини, јавни комунални претпријатија); собирање на податоци за состојбата на водоводните системи, загубите на вода, постојните студии и планови; дијагностичка анализа на постојната инфраструктура.

**Април - јуни:** Завршување на дијагностичките студии и идентификување на приоритетни интервенции (рехабилитација на мрежи, вградување мерни уреди, телеметрија, санација на отпадни води); започнување со изработка на Инвестициски план за секој регион (2026-2030) со опфат, трошоци и фази; интегрирање на родова перспектива во планирањето.

**Јули - септември:** Консултации со локалните совети, заедници и потенцијални финансиери (ЕБОР, KfW) за предложените мерки; изработка на тендерска документација за „брзи добивки“ - помали интервенции кои може веднаш да започнат (на пр. замена на критични делови од мрежата, инсталација на сензори); иницирање на тие мали интервенции доколку има достапни средства.

---

[2] Во фазата на прецизирање на активностите ќе се земат во предвид тековни активности и проекти кои се реализираат и тоа: - Проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија во Северна Македонија“, за кој во јули 2025 год., склучен е Договорот за доделување на техничка и финансиска помош од страна на Владата на Швајцарската Конфедерација. Во рамки на овој проект ќе се предвидат активности во ЈКП на општините: Битола, Куманово, Кочани, Виница, Берово, Радовиш и Струмица. Исто така, во рамки на тековен ИПА Проект за реформи на ЈКП се предлага кластерирање на три пилот подрачја и тоа: Прилеп, Битола и Куманово, согласно тоа ќе се предвиди регионализација на активностите во регионот на овие општини со цел зголемување на одржливоста на истите. Дополнително се има во предвид и реализација на ИПА пречистителна станица за Битола каде е опфатен и делот на канализација и подобрување на системот на отпадни води и воведување на нови технологии.

**Октомври - декември:** Финализирање и усвојување на двата инвестициски плана од страна на општините и комуналните претпријатија; започнување на јавни набавки за главните компоненти предвидени за 2027; подготовка и поднесување на апликации кон донатори/финансиски институции за обезбедување средства за целосна реализација.

**Очекувани резултати (2026)**

- Усвоени два Инвестициски плана (за Пелагонија/Битола и за Југозапад/Кичево) за интегрирано управување со водите;
- Завршени дијагностички извештаи за состојбите и приоритетите;
- Подготвена тендерска документација и реализирани најмалку две „брзи добивки“ (мали интервенции) како демонстрација.

**Индикатори:**

- Намалување на загубите на вода за 5-10% во опфатените пилот-општини (мерено на годишно ниво);
- Број на подготвени „банкарски“ проектни предлози за финансирање (цел: ≥2 поднесени апликации до крај на 2026).

**Буџет 2026:** 1.000.000 EUR за почетна фаза (техничка помош, студии, координација и први мали работи), со очекувано кофинансирање од меѓународни финансиски институции и државата.

**Надлежни институции:** Општините и ЈКП (водечки во спроведувањето), Министерство за животна средина и просторно планирање (координација), со поддршка од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (во контекст на праведна транзиција).

**Ризици и мерки за ублажување:**

- Бавна меѓу-општинска координација - формализирање со Меморандум за соработка и јасни правила за одлучување, ангажирање неутрален фасилитатор (ТСУ/донатор);
- Ограничен капацитет на ЈКП - обуки и ангажирање технички консултанти, практична поддршка при имплементација;
- Финансиски јаз за целосна реализација - користење на интегрираните планови за лобирање повеќегодишно финансирање.

# 16. Зајакнување на капацитетите за регионално управување со отпад (P2.1.3.1)

**Цел и опис**

Целта на проектот е зајакнување на административниот и оперативниот капацитет за управување со отпад на регионално ниво во Пелагонија и Југозападниот регион. Иако во 2017 година се изработени физибилити студии за воспоставување регионални системи за управување со отпад, напредокот е ограничен и планираните меѓу-општински претпријатија/центри сè уште не се целосно оперативни. Проектот ќе обезбеди техничка помош, обуки и институционална поддршка за воспоставување и операционализација на овие регионални структури, ажурирање на

институционалните аранжмани (статути, договори) и градење вештини во локалните власти за современо управување со отпад. Преку проектот ќе се промовира и родова еднаквост - поттикнување поголемо учество на жени во новите тела за управување со отпад.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - март:** Организациска дијагностика на постојните институционални аранжмани за регионално управување со отпад; преглед на статусот на формирање на меѓуопштинските претпријатија/центри; започнување со изработка/ажурирање на статути, меморандуми за соработка и неопходни правни акти за формализирање на регионалните тела.

**Април - јуни:** Финализирање и усвојување на статутите и меморандумите во општинските совети; дизајнирање на програма за обуки за кадарот (ЕУ директиви, планирање, управување со депонии, рециклирање); започнување со прв циклус на обуки за членови на управните структури и стручен кадар.

**Јули - септември:** Континуирана техничка помош и коучинг за менаџмент тимовите на регионалните претпријатија; изработка на бизнис-планови и ажурирање на регионалните планови за управување со отпад со нови податоци; интегрирање на родовите аспекти во политиките за вработување и обука.

**Октомври - декември:** Подготовка на извештаи за капацитетите и преостанатите потреби; целта е до крајот на годината да има функционална (или целосно подготвена) регионална рамка за управување со отпад; завршување на програмата за обуки со најмалку 30 обучени лица спремни да раководат со новите системи.

**Очекувани резултати (2026)**

- Формално воспоставени или операционализирани регионални организации за управување со отпад во двата региона (со усвоени статути и договори меѓу општините
- Обучен кадар - минимум 30 лица (вклучително најмалку 30% жени) поминале обуки и се стекнале со знаења за современо управување со отпад;
- Ажурирани планови и подготвени бизнис-планови за одржлив работен модел на регионалните претпријатија.

**Индикатори:** (1) Број на функционални регионални претпријатија/центри (цел: 2 - по еден во секој регион); (2) Број на обучени кадри (цел: ≥30, од кои ≥30% жени).

**Буџет 2026:** 150,000 EUR (техничка помош и обуки, со ИПА кофинансирање).

**Надлежни институции:** Министерство за животна средина и просторно планирање (координација), општините од двата региона, новоформираните регионални центри за отпад.

**Ризици и ублажување:** Ризици: отпор или бавно усогласување меѓу општините; недостиг на кадровски капацитет. Мерки: инклузивни консултации за дефинирање на заеднички интереси; ангажирање на искусни консултанти и мотивирање на стручен кадар преку стипендии/признанија.

# 17. Студии за изводливост за инвестиции во локално собирање отпад (P2.1.3.6)

**Цел и опис**

Целта на проектот е подготовка на детални физибилити студии за проширување и оптимизација на услугите за собирање комунален отпад во избрани општини во регионите засегнати од јаглен (на пр. Битола, Кичево и уште две според потребите). Многу општини имаат застарени или ограничени системи за собирање отпад, што резултира со диви депонии и ниска стапка на рециклирање. Студиите ќе дефинираат технички и финансиски решенија и приоритетни инвестиции - набавка на современи возила, контејнери за селекција, поставување мали центри за рециклирање - со цел да се создадат „банкарски" предлози погодни за финансирање. Анализата ќе вклучи и процена на економската одржливост (тарифи, модели на сервис) и социјални аспекти (ефекти врз ранливи групи).

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - февруари:** Избор на општини учеснички и дефинирање на опфатот; подготовка на ToR за консултанти (кои аспекти да ги опфатат: покриеност, потребни инвестиции, Cost-Benefit анализа, социјална и родова анализа); започнување на постапка за набавка на консултантски услуги.

**Март - јуни:** Спроведување теренски истражувања и собирање податоци (куќен прагот, постоечки рути, возен парк, количини на отпад); развој на опции - проширување на сервисот на непокриени населени места, воведување селекција кај извор, оптимизација на рути; процена на трошоци, финансиска одржливост (нови тарифи) и влијание врз ранливи групи.

**Јули - септември**: Подготовка на нацрт физибилити студии со препорачани пакети инвестиции за секоја општина (фази, приоритети, план за финансирање); консултации со општинските совети и релевантните ЈКП за предложените решенија; прилагодување според добиените коментари.

**Октомври - ноември**: Финализирање на студиите и подготовка на придружни апликации за финансирање (до ИПА, национални фондови или ИФИ); консолидација на резултатите во заеднички извештај за Министерството за животна средина, кој ги истакнува трендовите и потребите што се заеднички за сите општини.

**Декември**: Дистрибуција на финалните студии до потенцијалните финансиери; инкорпорирање на наодите во регионалните планови за управување со отпад и други релевантни стратегии; подготовка за имплементација на препораките во 2027.

**Очекувани резултати (2026)**
- Изработени физибилити студии за најмалку 4 општини со детални предлог-инвестиции за подобрување на собирањето отпад;
- Секоја студија интегрира родова и социјална перспектива (осигурено е дека мерките не ги оптоваруваат непропорционално ранливите);

**Индикатори:**
(1) Број на општини со завршена студија.

**Буџет 2026:** 300.000 EUR (консултанти и студии, преку тековни проекти за управување со отпад и/или дополнителна техничка поддршка).

**Надлежни институции:** Министерство за животна средина и просторно планирање (координација), општините опфатени (имплементација на податоци и носители на идни проекти).

**Ризици и ублажување:**
**Ризици:** слаб ангажман на општините во доставување податоци; недоволно релевантни податоци.
**Мерки:** техничка поддршка за општините при собирање податоци; користење комбинација на методи (анкети, теренско мерење) за пополнување на празнините; конзервативни претпоставки каде нема податоци; рано вклучување на финансиери за да се усогласат студиите со нивните критериуми.

# Столб 4: Вештини и развој на човечки капитал

**Столб 4** ги поддржува човечките и социјалните аспекти на транзицијата: им помага на работниците и младите во регионите засегнати од јаглен да стекнат нови вештини, да најдат квалитетни работни места и обезбедува заедниците да не бидат оставени зад себе. Проектите во овој столб вклучуваат проценки на потребните вештини, програми за обука и дообука (особено за работната сила на енергетското претпријатие и поранешните изведувачи во рудниците), шеми за учење преку работа и практикантство за интеграција на невработени млади, како и советодавни услуги за работници кои се раселени/останале без работа. Заедно, овие мерки ќе го ублажат социјалното влијание од затворањето на јагленот преку подобрување на вработливоста и поттикнување нови економски можности за локалното население.

# 18. Програми за доквалификација и преквалификација на вработените во ЕСМ (P4.1.2.1)

**Цел и опис:**

Подготовка на стандарди на стручни квалификации и посебни програми за образование на возрасните за постојните вработени во ЕСМ кои се засегнати од транзицијата (особено работниците во РЕК Битола и РЕК Осломеј), со цел тие да се оспособат за идното функционирање на електраните во изменети услови или за преземање нови улоги во рамките на компанијата и енергетскиот сектор и за истото да се стекнат со сертификати. Овие програми имаат за цел да обезбедат праведна транзиција за работната сила – да се минимизираат отпуштањата преку навремено надградување на вештините и пренасочување на кадарот. Конкретно, програмите ќе опфатат:
(1) Доквалификација за идните потреби на обновените енергетски капацитети – обуки за новите технологии кои ќе се воведуваат во електраните (на пр. соларни паркови, системи за складирање, дигитални алатки за мониторинг);
(2) Кариерно советување и преквалификација за промена на кариера – помош на оние работници кои нема да можат да продолжат во рамките на ЕСМ, да се преквалификуваат за нови работни места во растечки сектори;
(3) Преквалификација за проширување на дејноста на ЕСМ – обуки за нови услуги и активности кои ЕСМ би можел да ги преземе (на пр. сервисирање на ОИЕ постројки, енергетски сервиси за трети страни и сл.);
(4) Менторски програми на работното место – внатрешни програми каде искусниот кадар ќе ги менторира помладите колеги за пренос на знаења, но и обратно, млади инженери ќе внесат нови знаења (дигитални, модерни технологии) кај постариот кадар. Важно е обуките и програмите да ја адресираат родовата сегрегација присутна во актуелните занимања во ЕСМ (преовладувачки машка работна сила во рудниците и електраните) – да се поттикне поголемо учество на жените во новите технички обуки и улоги.

**Географски опфат:** Пелагониски и Југозападен регион – главно фокусирано на локациите на РЕК Битола и РЕК Осломеј (каде што работи најголемиот дел од кадарот на ЕСМ што е засегнат).

**Временска рамка:** Во првото тримесечје од 2026 се дизајнира програмата за обуки (идентификација на потребни вештини, подготовка на стандардите за стручни квалификации) и се мапираат) и се мапираат квалификациите и потребите на работниците кои треба да бидат опфатени. Од вториот квартал започнува реализацијата на пилот-модули за обука – првата група работници минува низ одредени курсеви и работилници или веднаш се валидираат и се стекнуваат со сертификати за соодветната стручна квалификација. До крајот на годината, програмата постепено се проширува опфаќајќи поголем број на вработени, со завршување на неколку обука циклуси (модули 1–3) и спроведување на кариерни советувања.

**Очекувани резултати:** До декември 2026, минимум еден пилот циклус на обуки ќе биде успешно реализиран, опфаќајќи значаен број вработени на ЕСМ. Очекувано е да биде постигната најмалку 80% стапка на успешно завршување на започнатите обуки, и барем 20% учество на жени во програмите (со тенденција на раст) како индикатор за родова интеграција. Исто така, ќе бидат спроведени кариерни советувања и изработени индивидуални планови за транзиција за вработените кои планираат промена на кариера. Овој пилот ќе постави основа моделот на доквалификација да се прошири во наредните години доколку транзицијата продолжи.

**Индикатори:**
(1) Број на вработени опфатени со обуките (цел: дефиниран број според планот, и мерење % од вкупно засегнати);
(2) Број на реализирани курсеви/обуки (цел ≥ 10 различни курсеви);
(3) % учество на жени во обуките (цел ≥ 20%);
(4) % стапка на завршување на обуките (цел > 80%);
(5) Број на спроведени кариерни советувања/сесии.

**Надлежни институции:** ЕСМ (сектор за човечки ресурси и обуки) е носител на програмата, во координација со МЕРМС за полесно вклучување во национални иницијативи.

**Партнери:** Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ) и РЦСОО како и донатори по потреба, ќе бидат партнери за спроведување на определени модули, особено ако се потребни специјализирани тренинзи.

**Буџет 2026:** Неопределено (програмата се очекува да биде финансирана од сопствени средства на ЕСМ и/или донаторски средства; трошокот ќе зависи од бројот обуки и ангажирање на надворешни обучувачи).

**Ризици:** Можен ризик е ниска мотивација или отпор кај дел од работниците да учествуваат во обуките (страв од промени, несигурност); исто така ограничувачки фактор може да биде недостапноста на соодветни обучувачи за специфични теми или недостаток на финансии.

**Мерки за ублажување:** Интензивна комуникација со вработените и синдикатите за придобивките од програмата, прилагодување на форматот на обуките за да бидат поинтересни и релевантни, обезбедување стимул (сертификација, признание) за тие што ќе се доквалификуваат, како и вградување на клаузули за задржување на кадарот по обуките (ЕСМ да обезбеди дека обучените ќе добијат соодветни работни места).

# 19. Надминување недостатоци во потребни квалификации (локални/регионални договори за вештини) (P4.1.1.2)

**Цел и опис**

Целта на овој проект е системски да се идентификуваат и адресираат недостатоците во квалификациите и вештините во јаглените региони (Пелагонија – Битола и Југозападен регион – Кичево), со цел работната сила, а особено младите, да се усогласи со потребите на новите индустрии што ќе ја заменат економијата базирана на јаглен. Проектот комбинира стратешки и оперативен пристап. На стратешко ниво, ќе се спроведе брза анализа на пазарот на труд (Labour Market Intelligence - LMI) за идентификација на дефицитарни и перспективни вештини (пр. обновливи извори на енергија, производствени и технички профили, ИТ, агробизнис, услуги). Врз основа на анализата, ќе се воспостават Регионални договори за вештини помеѓу клучните чинители: Државните средни училишта РЦСОО, работодавачи, Агенцијата за вработување, стопански комори, општини и граѓански организации.

На оперативно ниво, преку овие договори ќе се дизајнираат и имплементираат конкретни програми за обука и преквалификација, со посебен фокус на млади лица (18–29 години), особено невработени и неактивни по завршено средно образование. Програмите ќе вклучуваат кратки интензивни курсеви (3–6 месеци), практична обука кај работодавачи, менторство и кариерна поддршка, со цел директно зголемување на вработливоста и задржување на младите во регионите.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - февруари:** Спроведување брза анализа на пазарот на трудот (LMI) со прибирање податоци од АВРСМ (невработеност по занимања), компании (слободни работни места и побарувани вештини), ВЕТ и други образовни институции (уписни трендови и празнини во понудата). Анкети и интервјуа со клучни работодавачи (локални МСП, инвеститори во ТИРЗ). Формирање регионална работна група под координација на МЕТ.

**Март - април:** Презентација и валидација на резултатите од LMI анализата. Организација на две регионални работилници (Битола и Кичево) за договарање Регионални договори за вештини. Дефинирање конкретни обврски: воведување нови образовни модули, програми за пракса, активни мерки за вработување. Потпишување меморандуми за разбирање со акциски планови (2026-2027).

**Мај - јуни:** Дизајнирање на 2-3 приоритетни пилот програми за обука на млади (пр. соларни инсталации, заварување и монтажа, основни ИТ вештини). Подготовка на посебни програми за образование на возрасните, критериуми за учество. Воспоставување партнерства со ВЕТ центри и приватни тренинг-провајдери.

**Јули - август:** Спроведување на првиот циклус на обуки (теорија + практична работа кај компании), обезбедување менторство и кариерно советување. Континуирано следење на напредокот на учесниците.

**Септември - ноември:** Евалуација и прилагодување на програмите. Поддршка за вработување или платена пракса на обучените млади преку координација со АВРСМ и работодавачите. Продолжување или проширување на обуките доколку има интерес и средства.

**Декември:** Завршен извештај за имплементацијата: број на обучени и вработени, функционалност на договорите за вештини. Препораки до Владата за институционализација на регионалниот модел (преку АВРСМ/ВЕТ системот) и подготовка за проширување во 2027 година.

**Очекувани резултати (2026)**

- Извештај од брзата анализа на пазарот на трудот, кој ги идентификува клучните недостатоци во вештини во двата региони;
- Потпишани Регионални договори за вештини за Пелагонија и за Југозападен регион со конкретни обврски од страна на образовни институции, работодавачи и власти;
- Започната имплементација на најмалку 3 краткорочни мерки од договорите (нов образовен модул развиен, програми за пракса лансирани, итн.) од кои барем еден со фокус на млади и обука на млади.

**Индикатори:**

(1) Број на потпишани регионални договори
(2) Број на млади кои успешно завршиле обука.

**Буџет 2026:** ~130.000 EUR (анализи и работилници - поддржано од буџет на РСМ или донатори како МОТ или ЕУ).

**Надлежни институции:** Министерство за економија и труд, во координација со Министерство за образование и наука (МОН), Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ), АВРСМ, локални ВЕТ центри и општини.

**Ризици и ублажување:**
**Ризици**: недоволна соработка меѓу актерите или неформално третирање на договорите; слаб одзив од младите; варијабилен квалитет на обуките.
**Мерки**: високо ниво на политичка и институционална заложба (јавни потписи и промоција); силна комуникациска кампања кон младите; јасни критериуми за избор на провајдери и редовен мониторинг од МЕТ/МОН/АВРСМ.

# 20. Да се изработи веб-платформа за поврзување на побарувачката и понудата на труд (P4.1.1.6)

**Цел и опис**

Овој проект има за цел развој на модерна веб-платформа која ќе ги поврзува побарувачката и понудата на вештини и работна сила во праведната транзиција. Платформата ќе служи како „мост“ помеѓу работниците/граѓаните кои бараат преквалификација или работа и компаниите/институциите кои нудат обуки, практикантство или работни места во нови индустрии. Таа ќе содржи база на податоци за: достапни обуки и преквалификациони програми, можности за практикантство, слободни работни места во компании кои доаѓаат во регионите, како и профили на работници (со нивните вештини) кои бараат работа. Проектот ќе ја креира платформата и ќе промовира активно нејзино користење од сите страни.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - март:** Дефинирање на спецификациите на платформата (кориснички групи, функционалности); ангажирање ИТ тим за развој; изработка на првичен дизајн и структура; консултации со целните корисници (работници, млади, компании) за потребите.

**Април - јуни:** Развој и тестирање на бета-верзија на платформата; внесување пилот-податоци (неколку обуки, неколку профили на работници и работни места) за да се провери функционирањето; повратна информација од тест-корисници; корекции и подобрувања (UX/UI).

**Јули:** Лансирање на официјалната верзија на платформата „Just Transition Jobs MK“; истовремено, почеток на промотивна кампања (соопштенија, настани во Битола и Кичево, социјални медиуми) за да се привлечат корисници.

**Август - октомври:** Активно одржување и модерирање на платформата - регионалните центри за вработување или проектниот тим ќе додаваат нови објави (на пр. курсеви од проектите 15 и 16, практикантски места од компании, профили на отпуштени работници со нивна согласност); обезбедување поддршка за корисниците при регистрација и користење.

**Ноември - декември:** Евалуација на користењето - број на регистрирани работници и работодавачи, број на поврзувања (на пр. пополнети пракси или вработувања преку платформата); препораки за одржливост (пренос на менаџментот на платформата на АВРСМ или комори); обезбедување финансирање за одржување во 2027.

**Очекувани резултати (2026)**
- Развиена и функционална веб-платформа која ги поврзува понудата и побарувачката на работна сила во засегнатите региони;
- Најмалку 500 регистрирани корисници (работници/млади) и 50 компании/институции на платформата до крајот на годината;

**Индикатори:**

- Постоење на оперативна платформа (Да/Не);
- Број на регистрирани корисници;
- Број на воспоставени врски (цел: ≥50).

**Буџет 2026:** 60.000 EUR (развој, одржување, промоција).

**Надлежни институции:** АВРСМ (водечка за одржливост) (локални центри за вработување) и Министерство за економија и труд (МЕТ), локални ВЕТ училишта, Министерство за образование и наука (МОН).

**Ризици и ублажување:**
**Ризици**: ниска посетеност/учество на платформата; технички проблеми.
**Мерки**: агресивна промоција преку сите канали, вклучително синдикати и ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ; едноставен и интуитивен дизајн; 24/7 техничка поддршка во првите месеци; интегрирање на платформата со популарни социјални мрежи за полесно регистрирање.

# 21. Промовирање учење преку работа за средношколци (дуално образование) (P4.2.3.1)

**Цел и опис**

Овој проект има за цел да го одржи континуитетот и да го поттикне и прошири дуалното образование на средно ниво во засегнатите региони - систем каде учениците паралелно со школувањето стекнуваат практично искуство во компании. Иако Македонија има започнато вакви програми, неопходно е нивно прилагодување и акцент во регионите засегнати од јаглен за струки релевантни на транзицијата (електротехника, машинство, информатика, животна средина, земјоделие). Проектот ќе работи со средните стручни училишта за воведување на нови дуални квалификации (во соработка со локални фирми) и ќе ја промовира опцијата дуално образование меѓу учениците и родителите. Планирани се и стипендии за ученици кои ќе се запишат во дефицитарни дуални квалификации.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - март:** Идентификација на потреба - кои квалификации/сектори недостасуваат и би имало интерес за дуално образование (на пр. техничар за обновливи извори, автомеханичар за електрични возила); разговори со локални компании за спремност да примат ученици; изработка на предлог до МОН за отворање дуални паралелки за наредната учебна година.

**Април:** Добивање одобрување за нови квалификации во дуално образование; подготовка на меморандуми помеѓу училиштата и компаниите кои ќе учествуваат; обука на ментори во компаниите за работа со малолетни ученици.

**Мај - август:** Промотивна кампања во основните училишта и локалните заедници за упис во дуални паралелки - истакнување дека учениците ќе имаат платена практика и сигурно вработување; и понатамошни доделување стипендии (пример 50 евра месечно) запишани во овие насоки.

**Септември - декември:** Поддршка на училиштата во спроведувањето (набавка на дополнителни дидактички средства ако треба); редовни состаноци со компаниите за текот на практичната обука; решавање на евентуални проблеми (пр. ученик не се појавува, ментор не е доволно ангажиран итн.). Среднорочно, подготовка за зголемување на бројот на дуални места наредната година врз основа на интересот.

**Очекувани резултати (2026)**

- Воведени најмалку 3 нови дуални квалификации во средните стручни училишта во Битола/Кичево (или соседни општини) кои се поврзани со транзицијата;
- Запишани нови ученици во дуално образование во тие профили (прва година);
- Обезбедени партнерства со приватни компании кои ќе обезбедуваат практично обучување на учениците.

**Индикатори:**
(1) Број на нови дуални паралелки;
(2) Број на ученици во нив;
(3) Број на компании вклучени.

**Буџет 2026:** 50.000 EUR (промоција, стипендии, обуки за ментори).

**Надлежни институции:** Министерство за образование и наука, средни училишта (Битола, Кичево), компании партнери.

**Ризици и ублажување:** Ризици: слаб интерес на учениците (поради ниска популација или перцепции); компании се двоумат да земат малолетници. Мерки: стипендии и гаранции за вработување како мотив за учениците и родителите; јасни протоколи и правна рамка за заштита на малолетници за да се уверуваат компаниите; близок надзор и поддршка во текот на спроведувањето за да се решат проблемите и покажат позитивните страни.

# 22. Да се унапреди кариерната ориентација во училиштата (P4.2.3.2)

**Цел и опис**

Целта на овој проект е да се зајакне системот на кариерно ориентирање и советување во основните и средните училишта во засегнатите региони, за учениците подобро да ги разберат новите можности што ги носи транзицијата и да направат информирани избори за образование и кариера. Проектот ќе воведе обуки за наставниците/педагозите за современи пристапи во кариерно советување, ќе развие ресурси (на пр. брошури, онлајн алатки) за професиите на

иднината во регионите, и ќе продолжува организира саеми на кариера каде учениците ќе се среќаваат со претставници од разни индустрии (вкл. зелена енергија, ИТ, производствени фирми, земјоделски задруги итн.). Општините веќе задолжително реализираат социјален дијалог пред да ги достават предлозите за упис на ученици во средните училишта пред објавување на конкурсот за упис. Ова ќе помогне да се намали несоодветниот избор на насоки (на пр. преголем интерес за струки што згаснуваат и недоволен за струки што ќе се бараат).

**Клучни активности и временска рамка (2026)**
**Јануари - март:** Ревидирање на постоечкиот курикулум за обука на кариерни советници; и анализа на веќе идентификувани наставници/педагози во секое училиште кои ќе бидат задолжени за кариерно ориентирање; изработка на водич за ученици „Професии на иднината во Пелагонија и Југозапад“. Утврдување на активности за воведување на натамошни напредни обуки за истите.

**Април:** Спроведување на обуки/работилници за 50-тина наставници и стручни соработници од основните и средните училишта, покривајќи техники на советување, информации за локалниот пазар на труд, родова еднаквост во избор на кариера; дистрибуција на прирачникот.

**Мај - јуни:** Континуирана организација на регионални саеми на кариера - еден во Битола, еден во Кичево - каде учествуваат локални компании, Граѓански организации, средни и високи училишта; учениците (особено 8мо/9то одделение и 3та/4та година средно) присуствуваат на презентации и штандови; промоција на дефицитарните и перспективни струки.

**Септември - октомври:** Интегрирање на кариерната ориентација во школските програми - секое училиште одржува најмалку 2 сесии годишно за насочување на учениците (пр. класен час посветен на кариерно советување, посети на локални фирми); наставниците добиваат менторска поддршка по потреба.

**Ноември - декември:** Евалуација - споредба на интересот за упис во различни насоки пред и по проектот (дали има раст во пријави за дефицитарни струки); анкета со ученици за корисност; препораки за МОН да вклучи систематски кариерно советување во наставните планови.

**Очекувани резултати (2026)**

- Обучени најмалку 50 наставници/советници за кариерно ориентирање во двата региона;
- Спроведени 2 регионални саеми на кариера со вкупно >1000 ученички посетители;
- Зголемен процент на ученици кои избираат образовни профили усогласени со потребите на транзицијата (мерено преку уписните статистики).

**Индикатори:**
(1) Број на обучени советници (цел: ≥50);
(2) Број на учесници на саемите (цел: ≥1000); (3) Промена во распределбата на уписи (мерно по години).

**Буџет 2026:** 40.000 EUR (обуки, материјали, организација на саеми).

**Надлежни институции:** Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, општините (образовни сектори).

**Ризици и ублажување:**

- **Ризици:** недоволна заинтересираност на учениците/родителите за настаните; недостиг на време во наставата за дополнителни сесии.
- **Мерки:** организирање на саемите во атрактивен формат (интерактивни демонстрации, награди); официјална инструкција од МОН до училиштата за задолжително време за кариерно ориентирање; постојана кампања за значењето на планирање кариера.

# 23. Да се промовираат часовите по наука, технологија, инженерство и математика (STEM) (P4.2.3.3)

**Цел и опис**

Целта на проектот е да се зголеми интересот и учеството на учениците во областите на науката, технологијата, инженерството и математиката (НТИМ - STEM) во засегнатите региони, особено помеѓу девојчињата, со цел долгорочно да се изгради квалификуван кадар за индустриите на иднината. Проектот ќе воведе дополнителни НТИМ активности во училиштата - на пр. научни клубови, натпревари, „НТИМ денови“ - како и мали грантови за училиштата за опремување на НТИМ кабинети. Исто така ќе се работи на обука на наставници за иновативни пристапи и на вмрежување со универзитети/факултети за поддршка на талентираните ученици.

**Клучни активности и временска рамка (2026)**

**Јануари - февруари:** Мапирање на постојните капацитети - колку лаборатории по физика/хемија се функционирачки, дали има компјутерски клубови итн.; повик до училиштата да достават мини-проекти за унапредување на НТИМ (на пр. „опрема за роботика“ или „организирање на хакатон“).

**Март:** Избор и финансирање на 10 училишни иницијативи за STEM (5 во Пелагонија, 5 во Југозапад); обезбедување опрема или финансии за активности; поврзување на училиштата со ментори - студенти или асистенти од технички факултети кои би волонтирале.

**Април - мај:** Спроведување на НТИМ настани - регионален научен саем каде учениците презентираат мали проекти/експерименти; натпревар по кодирање; посети на факултети или компании во НТИМ секторите (на пр. посета на соларна електрана или фабрика со современа технологија).

**Септември - ноември:** Интегрирање на најдобрите практики во редовната настава - наставниците ги користат новите ресурси и методи на часовите; започнување НТИМ клубови како воннаставни активности (со ментори); поттикнување девојчиња да се приклучат преку кампањи „Girls in STEM“.

**Декември:** Евалуација - споредба на учество во НТИМ секции пред и по проектот, анкета за промена на ставови кај учениците (дали повеќе планираат кариера во наука/технологија); извештај и препорака до МОН за продолжување (можеби со национална програма за STEM во рурални средини).

**Очекувани резултати (2026)**

- Подобрена опременост на најмалку 10 училишта со STEM помагала (лаборатории, компјутери, роботски китови и сл.);
- Зголемено учество на ученици во STEM активности (барем 30% повеќе ученици се вклучиле во научни клубови или натпревари отколку претходно);
- Подигната свест и интерес, особено кај девојчињата, за STEM - настаните имале ≥40% женско учество и повеќе девојчиња планираат да се запишат на технички факултети.

**Индикатори:**
(1) Број на училишта со реализирани STEM проекти;
(2) Број на ученици вклучени во дополнителни STEM активности;
(3) Промена во стапката на запишани девојки во технички насоки (дуално или факултет) од регионите во споредба со претходната година (покачување).

**Буџет 2026:** 90.000 EUR (опрема, настани, награди).

**Надлежни институции:** МОН, локални училишта, со партнерство од универзитети (Технички факултет Битола, ФЕИТ Скопје).

**Ризици и ублажување:**

- Ризици: пасивност од страна на наставниците (дополнителен труд без надомест); културни стереотипи (STEM „не е за девојчиња").
- Мерки: стимули за наставниците (признание, мали грантови кои го подобруваат нивното одделение); ангажирање на жени научници и инженери како инспиративни говорници; кампања со локални херои (успешни жени од регионите во STEM кариери).

# Индикатори и мониторинг

Секоја активност во овој план е поврзана со конкретни индикатори и ќе се следи преку структуриран рамковен систем за да се обезбеди навремена имплементација и отчетност. Мониторингот ќе комбинира квантитативни индикатори со квалитативни проценки и следење на ризици. Подолу ги наведуваме клучните индикатори за секој столб и планот за прибирање податоци и известување:

## Индикатори за Транзиција кон чиста енергија (Столб 1):

• **Регулаторни предуслови:** Број на правилници усвоени за складирање (цел: 2-3); објавена правила за складирање; време за издавање дозволи за ФВ (се следи како просечен број денови, цел: намалување за 30% од почетната состојба); документи потребни за ФВ дозвола (цел: намалени за 50%).
• **Инвестиции во обновливи извори:** MW соларна енергија во регионите засегнати од јаглен (цел: ~100 MW во Осломеј); хектари рударско земјиште пренаменето или во развој (цел: планови за >200 ха); работни места создадени или што ќе се создадат во соларни проекти (цел: на пр. X за време на изградба). % од нови ОИЕ проекти во регионите засегнати од јаглен од вкупниот број дозволени во 2026 (цел: зголемување, идеално >30%).
• **Ангажман на заедницата:** # на настани за подигнување свест одржани (цел: ≥8); учесници (граѓани) опфатени (цел: ≥200 директно, ≥1000 преку медиуми); родова распределба на учесниците (цел: речиси еднаква). Бр. на производители-потрошувачи или енергетски заедници формирани како резултат на кампањата (цел: најмалку 1 иницијатива за енергетска заедница и зголемување на апликациите за производители-потрошувачи во споредба со базата од 2025).
• **Известување:** Квартално известување за големи проекти (преку ЕСМ до Министерството); квартално и за јавни кампањи (кратки ажурирања за реализирани настани). Правилниците за складирање може да бидат еднократна пресвртница (известување во Q2 кога ќе бидат завршени, потоа годишно следење на користењето). Подобрувањата во дозволувањето ќе се следат преку полугодишни извештаи од „one-stop shop“ системот за дозволи (вклучително статистика за издадени дозволи).

## Индикатори за Економска диверзификација (Столб 2):

• **Политички/институционални реформи:** Постојаност на ново поглавје во стратегија усвоено со приоритет за регионите засегнати од јаглен; број на инструменти ревидирани за да вклучат преференција за праведна транзиција (цел: ≥2 програми за финансирање ажурирани).
• **Инвестиции и стимулации:** Завршена листа на празнини/јазови за индустриски зони; износ на идентификувани инфраструктурни инвестиции (ЕУР); број на „брзи победнички“ проекти иницирани (цел: ≥2). За реформите на државна помош: испорака на нацрт-измени; и последователен просечен интензитет на помош во регионите засегнати од јаглен наспроти други (цел: зголемување).
• **Исходи:** Инвестиции привлечени во целните зони (ќе следиме нови обврски на инвеститори или работни места најавени во 2026 поради подготвеноста на зоните - индикатор, но веројатно ќе се реализира по 2026).

• **Известување:** Овие ќе се следат преку полугодишни извештаи од Министерството за економија до Советот за праведна транзиција, и годишен преглед до Делегацијата на ЕУ. Многу од нив се еднократни излези (стратегија, нацрт-закони) - нивното завршување е пресвртницата.

## Индикатори за Чиста и зелена инфраструктура (Столб 3):

• **Пилоти за вода:** Број на интегрирани водни планови одобрени (цел: 2); км водоводна мрежа оценета со телеметрија; намалување на NRW таргетирано (почетна состојба наспроти проекции од планот).
• **Управување со отпад:** Издадени извештаи за капацитетни празнини (2); усвоени статути на IRWME/RWMC (Да/Не); # на обучен персонал (цел: ≥30, ≥30% жени). За физибилити студии: # на студии завршени (цел: ≥4); идентификуван обем на инвестиции низ студиите (ЕУР).
• **Исходи:** Иако 2026 е претежно излези, „прокси“ за исход е подготвеноста за воведување на систем за отпад (на пр. воспоставена IRWME значи дека регионите можат да примат инвестиции; индикатор: до крајот на 2026 двата региони имаат функционален субјект за управување со отпад - бинарно).
• **Известување:** Кварталниот мониторинг од МЖСПП ќе известува за напредок (на пр. „Физибилити студии за 4 општини завршени во Q4“ или „Меѓуопштински Меморандуми за разбирање потпишани во Q2“). Ќе користиме полугодишни извештаи за проекти за отпад и квартални за водните пилоти поради донаторската вклученост.

## Индикатори за Вештини и развој на човечки капитал (Столб 4):

• **Вештини и образование:** Завршена брза студија за вештини (Да); # на Регионални договори за вештини потпишани (цел: 2); # на институции што соработуваат (цел: ≥10 по регион); # на нови програми за обука лансирани како резултат (цел: ≥2).
• **Програми за работна сила:** За дообука на ESM: # на обучен персонал на ESM (цел: ≥200 во 2026, со >20% жени); испорачани курсеви (цел: ≥10); % од обучениот персонал прераспореден или задржан (се следат интерни трансфери). За WBL шемата: # на поранешни јагленски ученици поставени (цел: ~50 до крајот на годината); стапка на завршување (цел: >80% да го завршат целото времетраење); задржување во вработување (целиме >50% да бидат вработени кај домаќинот или на друго место по програмата, мерено подоцна). Учење за млади: # на NEET ученици што започнале (цел: ~70); удел што ја завршуваат ротацијата (цел: >70% да ја завршат целата година); задоволство на компаниите-домаќини (преку анкета). Интегрирана советодавна програма: # на корисници запишани (цел: ~30-50); % што ја завршуваат програмата (цел: >80%); % со позитивен исход (вработување или самовработување во рок од 3 месеци, цел можеби 50% како пилот); оценка за задоволство на корисници (цел: >75% задоволни).
• **Инклузија и род:** Ќе се следи % жени-учеснички во сите програми за работна сила (цели: да се обезбеди значајна женска инклузија, на пр. >30% каде што е изводливо, имајќи ја предвид почетната состојба со доминација на мажи во работната сила).
• **Известување:** Квартален мониторинг за главните активни мерки на пазарот на труд (ALMPs) (АВРМС ќе известува квартално за видот на учење итн., како дел од нивниот стандарден циклус за известување). Програмата за обука на ЕСМ ќе известува квартално до Единицата за техничка поддршка и во годишниот извештај на ЕСМ. Советодавната програма најверојатно ќе има полугодишни извештаи (средногодишен и крајногодишен преглед на напредокот на пилотот).

## Извештаи за мониторинг

Консолидиран Квартален извештај за напредок ќе биде подготвен од Единицата за техничка поддршка, сумирајќи го статусот на секој проект, користејќи ги горенаведените индикатори за да се означи напредокот во однос на целите. Дополнително, подетални Полугодишни извештаи за мониторинг ќе се доставуваат до Владата и Делегацијата на ЕУ, кои ќе ги истакнат клучните постигнувања (на пр. ако се постигне пресвртница како усвоена стратегија или X работници преквалификувани) и сите корективни дејствија потребни за области што заостануваат. Сите проекти имаат доделена фреквенција на известување (како што е наведено во податоците на планот) - на пр. квартално за сложени или брзо-движечки проекти (како инфраструктурни пилоти, соларни проекти, програми за работна сила) и годишно за оние ориентирани кон политики. Координацискиот тим на МЕРМС ќе ги консолидира влезните информации соодветно.

## Прибирање податоци

Одговорните институции за секој проект ќе прибираат податоци за нивните индикатори. На пример, општините/ЈКП ќе обезбедуваат статистики за загуби на вода, Регулаторна/МЕМО ќе обезбедуваат податоци за времиња на дозволување и усвојување на правилници, ЕСМ ќе известува за број на обучени лица, а АВРСМ ќе известува за исходи од вработување. Се воспоставува централен систем за прибирање податоци (дури и едноставна табела или база на податоци на почеток) за систематско следење на сите индикатори - адресирајќи забележан јаз во мониторингот од претходните години. Овој систем ќе овозможи полесно известување и идентификација на доцнења.

## Евалуација

До крајот на 2026 ќе се спроведе почетна евалуација на ГПИПТ 2026 за да се оцени ефективноста. Таа ќе ги разгледа постигнувањата на индикаторите, повратните информации од засегнатите страни и целокупното влијание на терен. Ќе обезбеди лекции за планот за 2027. Евалуацијата исто така ќе провери дали планот навистина служи како функционален механизам за мониторинг (одговарајќи на препораката на ЕУ да стане оперативен). Преку овие индикатори и мониторинг-аранжмани, Министерството ќе обезбеди Годишниот план за имплементација да не биде само документ, туку жива мапа што поттикнува акција, овозможува прилагодувања каде што е потребно и покажува и на Владата и на партнерите од ЕУ дека праведната транзиција е на вистински пат со мерлив напредок во 2026. Сите наоди од мониторингот ќе се користат за оправдување одлуки на владини седници (на пр. пренасочување ресурси кон проекти што заостануваат или проширување на успешни) и за градење доверба кај засегнатите страни и јавноста во процесот на праведна транзиција.

**Извори:** Овој план се потпира на Патоказот за праведна транзиција за Северна Македонија, најдобри практики и препораки на ЕУ, и влез од локални институции и експерти. Сите детали за проекти, буџети и временски рамки беа дефинирани колаборативно за да се обезбеди реализам и влијание. Владата е посветена на целосна имплементација и внимателен мониторинг на овој план, како камен-темелник на нејзината Реформска агенда и патот кон одржлива, инклузивна енергетска иднина.

**АНЕКС 1 – Табела со детален приказ на четирите столба од Патоказот за праведна транзиција**